**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ**

**КАТЕДРА: ЕВРОПСКИ СТУДИИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА**

**- МАГИСТЕРСКИ ТРУД -**

# Стратегии за превенција од семејно насилство во земјите од ЕУ (Хрватска и Германија) и Р.Македонија

Ментор:
Проф. д-р Татјана
Стојаноска Иванова

Изработил:
Марија Георгиевска

*Скопје, септември 2018*

# Содржина

I. Вовед ........ 5

II. Поим и карактеристики на насилството ........ 8

III. Теории за насилство ........ 10

IV.Семејно насилство - поим и видови ........ 12

IV.1 Поим ........ 12

IV.2. Видови семејно насилство ........ 13

IV.2.1. Физичко насилство ........ 13

IV.2.2. Емоционално или психолошко малтретирање ........ 14

IV.2.3. Сексуално насилство ........ 15

IV.2.4. Економско малтретирање ........ 16

IV.2.5. Следење како семејно насилство ........ 17

V. Теории за семејно насилство ........ 18

V.1. Теоретски концепти за семејното насилство ........ 18

V.2. Психолошки пристап ........ 18

V.3. Социолошка теорија ........ 19

VI. Државите во борба со семејното насилство ........ 24

VII. Семејно насилство во Р.Македонија ........ 27

VII.1. Национална правна рамка ........ 29

VII.2. Меѓународна правна рамка ........ 30

VIII.Национална стратегија за заштита од семејно насилство во РМ 2008-2011 година ........ 32

VIII.1. Анализи и статистики ........ 33

VIII.2. Едукација и превентвни активности ........ 34

VIII.3. Иницијативи за унапредување на ефикасноста во постапувањето ........ 35

VIII.4. Заклучок за „Национална стратегија за заштита од семејно насилство во РМ 2008-2011 година" ........ 35

IX. Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година ........ 37

IX.1. Методологија на изготвување на стратегијата ........ 38

IX.2. Анализи и спроведени истражувања ........ 40

IX.2.1. Национално истражување за семејно насилство ........ 41

IX.2.2. Национално истражување „Преваленца на злоупотребата на стари лица“ ........ 43

IX.2.3. Истражување „Запоставени и жигосани" ........ 44

IX.3. Резултати од Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 .. 46

X. Постапување на судовите при изрекување на привремените мерки за заштита од семејно насилство и нивната ефективност ........ 51

X. 1. Начин на поднесување на предлог за изрекување на ПМЗ до судот ........ 52

X.2. Добиени резултати од анализата ........ 53

X.3. Видови на предложени и изречени привремени мерки за заштита ........ 55

X.4. Времетраење на изречените мерки ........ 56

X.5. Заклучоци од спроведеното истражување и препораки ........ 58

XI. Семејно насилство во РМ по националните стратегии ........ 60

XII. Европска Унија и семејно насилство ........ 63

XIII. Германија во борба со семејното насилство ........ 67

XIV. Статистички податоци во Германија ........ 69

XV. Стратегии против семејното насилство во Германија ........ 73

XVI. Методи на превенција ........ 75

XVI.1. Запознавање со ризикот на млади години ........ 75

XVI.2. Владата во соработка со други институции во борба со семејното насилство ........ 77

XVI.3. Работа со сторителите ........ 78

XVI.4. Подигање на свеста на општествено и институционално ниво ........ 79

XVI.5. Шелтер центри и СОС-линии ........ 81

XVII. Семејно насилство во Хрватска ........ 82

XVIII. Правна рамка за заштита од семејно насилство ........ 84

XIX. Компатибилност на хрватското законодавство со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство ........ 88

XX. Хрватска во соработка со Европа против дискримацијата како причинител за семејно насилство ........ 89

XXI. Стретегии за семејно насилство во Хрватска ........ 92

XXI.1. Полициска акција и практикување на двојни приведувања вклучени во Стратегијата ........ 93

XXI.2. Спречување преку едукација ........ 94

XXI.3. Улогата на центарот за социјална работа ........ 97

XXI.4. Поддршка и помош од други државни институции ........ 99

XXI.5. Организации на граѓанско општество во Хрватска ........ 104

**XXII. Хрватска по применување и имплементирање на нови закони** ........................................ 106

**XXIII. Компаративна анализа – сличности и разлики помеѓу државите во Европа во врска со соочување со семејно насилство** ........................................ 107

**XXIV. Заклучок:** ........................................ 110

**XXV. Користена литература:** ........................................ 112

## I. Вовед

Насилството во семејството претставува кршење на човековите права на жртвите и е пречка за остварување на фундаменталните слободи и права. Семејно насилство е девијатна појава, која доминира оддамна, при која одреден член на семејството, партнер или поранешен партнер, физички или психички, насилно се однесува кон друг член на семејството. Дефиницијата за семејно насилство е широка и подразбира континуирана примена на физичка и психичка сила насочена од и кон членовите на семејството, а се манифестира преку следниве форми: психичко, физичко, сексуално и економско насилство. Овој вид на насилство, пред се претставува кршење на основните човекови права, каде член на семејството насилно доминира врз друг. Семејното насилство опфаќа и малтретирање на дете, постар член на семејството и истото се појавува во сите култури, односно луѓе од сите раси, етнички групи, религии и пол. Иако при семејно насилство акцентот се става на насилство кон жените, сепак со порастот на „движење на мажите", односно маскулизмот, се повеќе сме сведоци и на малтретирање кон мажите од страна на жените.

Насилството е сериозено прашање по безбедноста на една единка, но кога станува збор за семејно насилство, нивото на загриженост е уште поголемо. Семејното насилство секогаш претпоставува злоупотреба на моќ во релации кои се темелат на нееднаквост.

Клиничките искуства и емпириските истражувања укажуваат дека, семејството како темелна единица на едно општеството не е само поддржувачко окружување кое овозможува емоционална, социјална и материјална поддршка на нејзините членови, туку може да биде и насилно опкружување во кое најбрутално се кршат темелните човечки права.

Но, проблемот лежи во премолчување на насилството, тоа е она, кое државите сакаат да го стават на дневен ред и секојдневно да се применува, кажувањето или признавањето на семејно насилство, со цел да се реагира и искорени.

Поединецот може да биде изложен на насилство во семејството во текот на целиот свој живот, од детството до длабока старост. Најчести жртви на семејно насилство се жените, децата и старите лица, притоа последиците од изложеноста на насилство се многубројни и влијаат на менталното здравје на оние кои се изложени директно, но и на оние кои се

набљудувачи на насилството. Најчести последици се: ниско самопочитување, напнатост, депресивност, агресивност, обиди за самоубиство, зависност, нестабилност во партнерските релации, како и намалено работно функционирање и др.

Семејното насилство може да се објасни единствено преку интерактивно делување на поголем број фактори кои се групираат на три нивоа: индивидуални карактеристики, карактеристики на семејството и карактеристики на поширокaта општествена заедница

Постои јасна поврзаност помеѓу присуството на насилство во семејството и количеството на насилство во општеството, вклучувајќи го и насилството прикажувано на разни медиуми. Постојаното присутно насилство и те како влијае, особено врз младите генерации. Постои меѓугенерациски пренос на насилство во семејството. Количината на насилство доживеана во детството придонесува во развивањето и користењето на насилство во возрасно доба.

Без разлика на економскиот статус, ниту една држава не е имуна на оваа појава, иако бројките во статиските варираат, во однос на стратегиите и начините на кои државите се справуваат со оваа проблематика. Високата стапка на присуството на семејно насилство во Р.Македонија, како и во државите на Европската Унија претставува еден од најсериозните и најделикатните проблеми на денешницата. Друг сериозен проблем, кој се јавува при семејно насилство е дека истото не е од привремен карактер и со себе потегнува уште низа на други девијанти појави, како последици, па така се наметнува потребата за истражување на овој проблем.

За државите справувањето со семејно насилство и последиците настанати од истото претставува сериозен предизвик и не секогаш успешен. Од голема важност за истите е меѓусебната соработка и размена на функционални решенија и стратегии. Од фундаментално значење е пред се да се привлече внимание во поширокaта јавност за оваа проблематика, со цел да се разбуди свеста кај популацијата, како и охрабрување на жртвите, детектирањето на овој проблем во едно семејство, со цел да се дојде до негово крајно решавање со минимални последици.

Понатаму во овој труд ќе зборувам за справувањето со семејно насилство, како и напредокот во истото преку примена на стратегии за превенција во Р.Македонија и

државите од Европска Унија, односно Хрватска и Германија. Сите три држави сами по себе доста се разликуваат, почнувајќи од нивниот економски статус до членството во ЕУ. Р.Македонија е економски најслаба од погоренаведените држави, но тоа не е клучно во појавата на семејно насилство, сепак начините на справување со оваа девијатна појава се на многу пониско ниво од државите во ЕУ. Фактори, кои можеме да ги вметнеме како причини за ова се: малата бројка на шелтер центри, недоволната обученост на социјалните работници и полициските кадри, нефункционаслноста на центарот за социјална грижа и друго.

Додека во земјите во ЕУ, бројката на појава на семејно насилство можеби не е помала од РМ, но справувањето со истото е многу поефективно. Германија има развиено цврст систем за заштита од семејно насилство и истата се стреми кон негово секојдневно подобрување. Дури Хрватска како нова членка на ЕУ, пробува да ги стигне останатите земји-членки на ЕУ во своите достигнувања во врска со прашањето за семејно насилство. Со влезот во ЕУ од страна на Хрватска беа потпишани и ратификувани повеќе конвенции по ова прашање, а на 07.07.2017 година стапи на сила новиот закон за заштита од семејно насилство, кој претрпе одредени измени со цел да ги достигне високите критериуми за заштита од ваквиот тип на насилство, кои ги има поставено ЕУ. Според законите за заштита од семејно насилство улога во овие случаеви завземаат, министерствата, полицијата, судот, дирекцијата за полова рамноправност и други, а жртвите имаат бесплатна правна помош.

Семејното насилство претставува постојан предизвик на голем број научни дисциплини, со цел да се детектираат најчестите фактори, кои влијаат на појавата на истото, како и изнаоѓање на механизми за заштита на жртвата на семејно насилство.

## II. Поим и карактеристики на насилството

Насилството, како еден од најсериозните проблеми на денешницата е присутено секојдневно во нашите животи. Ако не сме жртва, не е тешко да бидеме очевидец, сцените од насилство ги среќаваме секој ден, во медиумите, на улиците, во нашите домови, во училиштата, на работа, во организациите. Последиците се големи и некогаш неповратливи, цената е човечкиот живот или нарушеното ментално и физичко здравје на единката.

Но, проблематиката не застанува тука, вкоренувањето на насилството е девијатна појава, која претставува уште поголем предизвик за државите да се соочат. Новите генерации учат и практикуваат насилство кое го правеле претходните генераци, но истото опстојува и во новите општествени услови. И без разлика на земјата и нејзината економска положба, насилството е присутно секаде и секоја држава треба да гради нови механизми за спротиставување со истото.

Развојот на многу девијации е претежно проследен со насилство и не само семејно, може да се каже дека не постои сегмент во општеството, кој не е зафатен од насилство. Насилството се вкоренува и опстојува како субкултура, додека во некои општества проникнува, по негово одобрување од страна на општеството или индолентниот однос кон него.

Насилството, како посебен социолошки феномен го проучува науката виолентологијата (violentia-насилство, сила и logos-наука), но и е предмет на проучување на останатите науки како што се социологијата, психологијата, педагогијата, криминологијата и други. Според современата виолентологија насилството се изразува во стихијно, неконтролирано применување на сила која што не е оспорена од законот. Насилството е социјална болест, која датира оддамна, но и во свеременииот свет и присутна на високо ниво.

Универзитетскиот професор Ферид Мухиќ говорејќи за насилството, ќе потенцира дека насилството ни се сервира како одредена аберација, исклучок, како настан кој им противречи на логиката на нашиот свет.

За Владо Камбовски насилството преставува посебен облик на криминалитет и насилството (силеџиството) е дел од класичниот криминалитет како најбогата групација со повеќе

видови кривични дела со исти или слични криминалистичко-релевантни обележја и тука се работи за типичен деликт на насилство заради насилство.

Продуцентот Жаја, разгледувајќи ги општите обележја на насилничките деликти, истакнува дека сите насилнички однесувања имаат единствено, општо обележје, кое меѓусебно ги поврзува во сите насилнички однесувања. Последицата е оштетување на жртвата, на која со физичка сила и се нанесува физичка или психичка болка, со помал или поголем интензитет, што може да доведе до уништување на животот на жртвата.

Во конвенцијата за правата на детето (Македонска национална коалиција на невладини организации за правата на детето, „Извещтај за состојбата на правата на децата во Република Македонија подготвен од Националната коалиција на невладини организации за правата на детето", Скопје, 2008год., стр.40-46) насилството се дефинира како секоја намерна употреба на физичка или психолошка сила или моќ, која може да биде во форма на закана или да вклучува директна употреба на сила-насочена кон себе си, кон друго лице или кон некоја група или заедница и тоа завршува со физичка повреда, со психичка штета, со нарушување во развојот или со смрт.

Според извештајот на Светската здравствена организација, насилството е присутно во животот на голем број луѓе низ целиот свет и на некој начин допира до сите нас. Мерките за да се заштитат од истото, се некогаш драстични и притоа, некогаш вклчуваат, останување на жртвите дома, во четири ѕида со заклучени врати и асоцијализирање на личноста. Но, при појава на семејно насилство, личноста не може да го избегне насилство, кое всушност се случува во домот, каде една личност треба да е најбезбедна и е повторно скриено од очите на јавноста (Светска здравствена организација, „*Светски извештај за насилство и здравје*", Женева, 2002 год.).

СЗО исто така потенцира дека, насилството преставува секоја намерна употреба на физичка сила или моќ, со закана или конкретно загрозување, против себе, друго лице, група или заедница чија последица или веројатност за последица е повреда, загуба или смрт. Оваа дефиниција е од поширок обем и опфаќа интерперсонално насилство, суицидно однесување, насилство извршено за време на вооружен судир, но и опфаќа насилство што не е од физичка природа, односно насилство кое се однесува на закани и заплашувања.

## III. Теории за насилство

Поголемиот дел од теориите за насилство алудираат на тоа дека, насилството се јавува при културан конфликт и културен расчекор. Според овие теории секоја општествена група има вредности и норми со помош на кои живее и врз основа на нив се затвора во посебна микрокултурна заедница. Поради тие разлики, вредносни, морални и нормативни доаѓа и до конфликти меѓу групите и појава на насилно однесување. Од друга страна, во рамките на секоја од овие групи се создаваат и развиваат помали групи со специфични сфаќања за општествените односи, вредности и ситуации, меѓу кои исто така постојат конфликти кои доведуваат до насилство и други девијации.

Преставник на оваа теорија е Торстен Селин и според него човекот се раѓа во рамките на една култура и тој доаѓа на свет биолошки подговтвен да прима и да ги прилагодува сознанијата до кои доаѓа сам или преку односите со другите. Со првите општествени контакти започнува процесот на координација кој ќе трае целиот живот. Посматрани сами по себе овие елементи можат да се сфатат како културни елементи, а припоени кон разумот тие стануваат елементи на личноста. Начинот на кој некој поединец реагира во некоја ситуација може да се смета за израз на личноста. Меѓутоа карактерот на таа реакција зависи од тоа што значи за поединецот таа животна ситуација. Извесни животни ситуации често се повторуваат и се нормативно дефинирани. Оттаму нормите кои, се наоѓаат секаде каде што се и општествените групи се нешто што ја определува реакцијата, која натаму се потврдува или не се потврдува од страна на определена нормативна група. Ставот на групата во однос на различните начини на кои едно лице може да реагира во различни околности е искристализиран во правилата чија повреда доведува до реакција на групата. Така да постојат културни матрици, кои не гледаат на насилството како на посебна девијација и развиваат вредности и норми кои имаат неутрален, па дури и благонаклонет и одобрувачки став кон насилството (Селин, Slavery and the Penal System", Њујорк, Амстердам, 1976год., повторно издадена во 2016год.).

Селин смета дека во секое општество доаѓа до примарни и секундарни конфликти, кои изнедруваат насилство. Примарните конфликти, според него, настануваат оттаму што

групата која е на власт ги донесува законите и определува што е забрането и казниво според своите посебни сфаќања за вредностите што не корелираат со вредностите на останатите групи кои не се во можност да ги остваруваат овие функции. Како пример го дава американското општество во кое доминантна група е изворното население , а другите се доселеници и доминантната група според законите ги наложува сопствените вредности, норми, интереси, а некои од нив не се прифатливи за другите групи и на тој начин останатите спротиставувајќи се придонесуваат за настанување на насилство и конфликт. Секундарните конфликти се јавуваат меѓу припадниците на една група со исти културни вредности, а во тој случај до секундарни судири и насилство на култури доаѓа кога постојат норми кои произлегуваат од процесот на општествена диференцијација која е иманентна на развојот на американската култура. Според него едно лице кое и припаѓа на една култура иствремено е поврзано и со други култури со кои доаѓа во контакт заради задоволување на различни потреби и во тој случај кај него доаѓа до мешавина на вредности и на тој начин може да дојде до судир со доминантните вредности и процесот да премине во конфликт и насилство.

Алберт Коен кој зборува за култура на бандите (Коен, „Delinquent Boys. The Culture of the Gang", 1955год.), ја развива својата теорија во правец дека, насилството настанува врз основ на брзината на менувањето на општествените вредности. Според него појавата на насилство и насилни банди, кои се карактеризираат со посебни субкултурни вредности и обрасци на однесување е последица на класната структура на американското општество т.е израз на настојувањето на пониските класи со отфрлање на нормите на средната класа да си обезбедат определен поповолен општествен статус каков што е тој на средната класа. Според Коен, во американското општество, во кое доминираат вредностите на средната класа, поради својата положба, воспитување и образование, децата од работничката класа не се во состојба да ги прифатат и да се однесуваат во согласност со тие стандарди и ваквата состојба кај нив развива незадоволство и фрустрации и затоа тие го наоѓаат решението во отфрлање на нормите на средната класа и во здружување со врсници кои имаат слични проблеми и така настанува насилството и конфликтот.

## IV.Семејно насилство - поим и видови

### IV.1 Поим

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не. (Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, 2014г.: стр.3)

Според Гелес Ричард семејното насилство ги подразбира актите и дејствијата кои се превземени од некое лице кон друго лице во рамките на семејството, при што таквите дејствија и акти значат предизивикување на штетни последици за жртвата на семејното насилство. Авторот се определил за една широка дефиниција на семејното насилство, според која под истата можат да се подведат дејствијата на физичко повредување , дејствијата и актите што значат загрозување или повредување на психичкото здравје на жртвата, Овој вид на дејствија уште ги нарекува и емоционална агресија од причина што се дејствува врз психата и емоциите на жртвата, Како и дејствијата и актите кои значат превземање на сексуални активности во насока на повредување на жртвата на семејното насилство. (Гелес, „Семејно насилство-прирачник за кривично дело и казна", Оксфорд, 1998, стр.32)

Дефиниција на семејно насилство според Истанбулската Конвенција:

Семејно насилство ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не (Конвенција на

Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.V.2011год.).

### IV.2. Видови семејно насилство

Како видови на семејно насилство застапени се: физичкото насилство, сексуалното злоупотребување, емоционалното малтретирање, заплашувањето, економско лишување и насилнички закани.

### IV.2.1. Физичко насилство

Физичкото насилство е намерната употреба на физичка сила со можност за создавање повреда, штета, инвалидност или смрт, како на пример удирање, туркање, гризење, клоцање или употреба на оружје. Овој вид е еден од потешките видови на семејно насилство, бидејќи може често да резултира и со смрт на жртвата.

-Следи изјава на жртва на физичко насилство:

*,,Многу ми бил животот пеколен. Кога ќе ме тепа со стап, кога со клоци, кога со боксови, ќе ме фатеше за коса, главата од ѕид ќе ми ја удираше, морав да клекнам на коленици за да го молам, за да попушти. Животот таков ми беше скоро 15-16 години. Знаеше да фрла по станот, да крши. Цело време живеевме под стрес и под тензија. Во моментот знаеше да го смени расположението. Да заѕвони телефонот тој е веќе вознемирен. На коленици ќе клечи, те молам тоа веќе нема да се потвори. Но, само еден месец, по еден месец истата песна. Ги трпев сите последици, да не направам срам, да не речат децата мајка ни оди од маж на маж. Не го направив тоа. Заради тоа останав со него. Животот ми беше пеколен. Почна во 5 изутрината. Стана и го бркаше детето да си оди. Јас му реков: Ако си оди моето дете, си одам и јас. Си одам и јас од овде, па еве ти куќа и живеј. А тој го зел ножот без да го видам, кујнски голем нож, го зел и го скрил зад себе. Јас мислам како и друг пат*

*дека само ќе ме удри. Но, кога го видов дека со ножот сака да ме погоди директно во срце, се настранив и место во срце ме погоди во стомак. Почнав да крвавам, ја затвори вратата и не ме пушташе за да искрвавам до смрт. Го фати и детето за рака, го вртеше ножот за да го убоде и детето. Обид за убиство кон двајца! Јас не знам како може таков убиец да шета на улица, само тоа не ми е јасно..."*

### IV.2.2. Емоционално или психолошко малтретирање

Емоционалното малтретирање или таканареченото психолошко малтретирање или ментално малтретирање, може да вклучува приватно или јавно понижување на личноста, контролирање што жртвата може, односно и е дозволено,а што не може да прави, криење информации од жртвата, намерно да се направи нешто за жртвата да се чувствува потценета и засрамена, изолирање на жртвата од пријатели и фамилија, индиректно уценување на жртвата со наштетување на другите кога жртвата покажува независност или среќа или ускратување пристап до основни средства и потреби.

Жените кои се под емоционално насилство често страдат од депресија, кои ги изложува на зголемен ризик од самоубиство, проблеми со земање храна, дрога и алкохол.

Емоционалното малтретирање на мажите е опишано со ниско мислење за себе. Типичните начини на малтретирање вклучуваат понижување и ослабување на забележителните надлежности особено пред други луѓе. Овој проблем може да биде проширен заради широко прифатените верувања во општеството дека мажите кои се емоционално малтретирани се на некој начин помалку мажевствени, причинувајќи мажите да се чувствуваат засрамени за барањето помош.

-Следи изјава од жртва на психолошко насилство:

*„Уште на почетокот тој ја покажа својата љубомора и посесивност. Меѓутоа, мене не само што не ми пречеше тоа туку и ми импонираше, затоа што мислев дека е израз на*

*неговата љубов кон мене. Уште првите денови од бракот ми даде до знаење дека е алергичен на секој вид козметика, дека впрочем на една пристојна и мажена жена не и ни доликува да се шминка како некоја глумица или боже прости ми оросппја. Премногу вљубена ништо не реков и ја премолчев таа негова изјава, го направив всушност првиот погрешен чекор кон спасот на нашата среќа. Не требаше многу и долго време за тој да си ги земе сите слободи и права над мене, над моите мисли, над моето расположение, над моето однесување. Не сакаше да излегуваме како порано, му пречеа телефонските разговори со моите родители, роднини, пријателки. За сите нив имаше по некое погрдно име, а најмногу за мене. Првин бев овца, потоа коза, па гуска, павијанка - брзо напредуваше мојата еволуција но никако да станам тоа што всушност бев. Се што ќе речев не чинеше, се што ќе направев нечинеше. Од ден-на ден тој се претвораше во олицетворение на совршенството а јас во олицетворение на глупоста, на неспретноста, на неспособноста. И навистина почнав да станувам таква... Никогаш не ме удрил. Тој само ограбуваше дел по дел од мене. Делови кои сега сакам, очајно сакам да си ги повратам, да си ги составам, да продолжам нормално да живеам."*

### IV.2.3. Сексуално насилство

Сексуалното насилство може да го разграничиме во три чина и тоа:

-употреба на физичка сила за да се присили личност да има сексуална активност против негова или нејзина желба, каде што спаѓаат и обидите, без разлика дали делото е направено или не;

-обид за сексуална активност или направена сексуална активност вклучувајќи личност која не може да ја разбере природата или состојбата на делото, не може да го спречи тоа, на пример поради малолетна незрелост, болест, инвалидност, влијанието на алкохол или други дроги, поради заплашување или притисок;

-навредлив сексуален контакт.

Под сексуално насилство подразбираме и присилата на гледање на порнографски филмови, кое е најмалку застапено. Но, иако овие последни облици на семејно насилство се малку застапени (вкупно пријавени 13.8%), тие во својата суштина претставуваат тешки нарушувања на достоинството на жената.

Загрижувачко е ниското ниво на пријавување на сексуалното насилство, особено поради статистиката, која кажува дека, дури 43,0% од жртвите на насилство изјавиле дека после физичкото насилство често следел сексуален однос, кој секако не бил доброволен. Ова укажува дека жените едновремено се изложени на физичко и на сексуално насилство, но и дека во реалноста сексуланото насилство е далеку позастапено од она што жените го пријавија, односно само 10.6%.

-Следи изјава од жртва на сексуално насилство:

*„Ќе почнеше демек да се извинува што не запоставува и мене и детето, демек ќе се промени, само малку да се стрпам, или ќе избувне, па сето тоа ќе се завршеше со... не беше тоа водење љубов, туку силување. По тоа се чувствував уште помизерно.*

*Не можев да внесувам храна доволно колку што ми треба. Почнав да повраќам во нервоза. Тахикардиите станаа секојдневни. Неколку пати морав да одам на дежурен лекар за проблеми со срцето. После една таква нервоза мораше да викне итна помош бидејќи се онесвестив. Цела ноќ ме држеше стиснато во себе, се извинуваше и рече дека никогаш повеќе нема да се повтори. Меѓутоа работите се повторија по неколку дена. Ќе се налутев, ќе му речев ќе те оставм, не можам веќе. Добро, ќе ме видеше дека сум на крај, дека викам, дека лексилиуми пијам со години, од утре ништо не ти зборам, ништо не ти правам. Тоа траеше два – три дена."*

### IV.2.4. Економско малтретирање

До економско малтретирање доаѓа кога вршителот на семејното насилство има

целосна контрола врз парите на жртвата и други економски средства. Под ова се подразбира, задржување на сите парични средства од негова страна и доведување  до ситуација жртвата да мора понизно да моли за парите. Вообичаено е за жртвата да добива помалку пари како што малтретирањето продолжува. Ова исто така, може да вклучи спречување на жртвата да го заврши образованието или да добие вработување, или намерно безмилосно трошење и злоупотребување на заедничките средства.

### IV.2.5. Следење како семејно насилство

Скришното следење на потенцијалната жртва често го има меѓу интимните партнери. Скришното следење на потенцијалната жртва се опишува како однесување кое се повторува и кое им причинува на жртвите да чувствуваат висок степен на страв.

## V. Теории за семејно насилство

### V.1. Теоретски концепти за семејното насилство

Во теоријата егзистираат два пристапа за објаснувањето на насилството во семејството, посебно во бракот. Според првиот пристап, насилството во бракот се третира како индивидуална појава и се објаснува со поединечни причини за нејзиното настанување. Во овој пристап поистакнати се психолошката, медицинската и социопсихолошката теорија.

Карактеристично за вториот принцип е дека и насилството во бракот се третираат како општествени појави, чии корени се наоѓаат во општествената структура, а се детерминирани од голем број на фактори кои, во крајна линија, го определуваат односот на општеството кон жената. Во рамките на овој пристап најзначајните се социолошкиот и феминистичкиот концепт (Груевска Дракулевска, Семејното насилство во РМ, Скопје).

### V.2. Психолошки пристап

Веќе споменавме дека во рамките на овој пристап насилството во бракот, односно во семејството, се третира како индивидуална појава, која е резултат на делувањето на одредени психолошки и психопатолошки особини на сторителот и на жртвата. Како такви особини се истакнуваат слабата контрола, неразвиеното его и фрустрациите во детството кај насилникот и мазохизмот кај жената.

Во поновите психолошки теории се истакнуваат теоријата на научена безпомошност и теоријата на преживувања.

Теоријата на научена беспомошност го дава објаснувањето: зошто (најчесто) жените стануваат жртви на насилство и како процесот на виктимизација ги спречува да излезат од насилничкиот однос. Објаснувањето е во изостанувањето на ефекти од нивното реагирање

на насилството, која предизвикува состојба на депресија и страв, односно состојба на немоќност, кое резултира со убедувањето дека жената не може да има контрола врз сопствениот живот. Оваа состојба е потенцирана и со фактот на социјализацијата на жената според модели на патријархално уредување на односите во бракот и семејството, чиј резултат е и верувањето на жените дека немаат контрола врз сопствениот живот.

Теоријата на преживување се јавува како резултат на критиката на теоријата на научена безпомошност. Суштината на оваа теорија е дека жртвите активно одговараат на насилството, бараат помош, односно ја изразуваат потребата од општествена подршка и помош. Изостанувањето на општествената помош и подршка ја прави жртвата пасивна во однос на прекинувањето на насилната врска. Притоа, не се работи за пасивен однос на жртвата на насилството, туку за отсуство на помош и подршка. Тоа е и основната разлика со теоријата на научената беспомошност.

Во рамките на индивидуалистичкиот пристап се наоѓа и објаснувањето на насилството во бракот и семејството со медицинската теорија, која се занимава со поврзаноста и улогата на алкохолот во насилството во бракот. Помеѓу приврзаниците на оваа теорија, се исполаризирани две основни гледишта: едното смета дека, алкохолот е причина за насилството во бракот, додека пак другата група автори сметаат дека, алкохолот влијае, односно придонесува за насилството во бракот, но не може да се смета за негова причина.

Според економската теорија, причините за насилството во бракот се врзуваат за лошите материјални услови – невработеноста, лошата материјална состојба, лошите станбени услови, голем број на деца итн. Основна слабост на оваа теорија е што не е во состојба да го објасни насилството во услови на благосостојба, како и фактот дека лошите материјални услови не секогаш се поврзуваат со насилството во бракот.

### V.3. Социолошка теорија

Појдовна позиција на приврзаниците на социолошката теорија е дека семејството е

општествена институција, врз која, како впрочем и врз секоја друга институција, влијаат голем број на општествени фактори. Во тие рамки, семејното насилство како општествена појава е резултат на делувањето на бројните општествени фактори. Согласно на таквиот пристап, а во врска со објаснувањето на насилството на семејството, се сретнуваат четири концепти:

а) општа системска теорија: насилството во семејството го третира како производ на делувањето на голем број на општествени фактори, меѓу кои се истакнуваат нормативната стрктура, цртите или особините на личноста, конфликтите и фрустрациите.

б) Теорија на ресурси: семејството како и сите останати општествени системи се темели на закани со сила од страна на тој што ги контролира ресурсите (општествени, економски) и е во позиција да контролира и наредува, па дури и да користи сила. Во рамките на семејството, мажот е тој којшто ги контролира семејните ресурси, а тоа му дава можност во одредени ситуации тоа контролирање да го прави и преку користење на сила. Исто така, оваа теорија е наречена и теорија на средства, а била предложена од Вилијам Гуд (Гуд, „Сила и насилство во семејството-дневник за брак и семејство" 1971 год., стр.624-636). Жени кои зависат од мажите најмногу за економската благосостојба. Со тоа што имаат деца за кои треба да се грижат и двоумењето дали да го напуштат бракот ја зголемува финансиската тешкотија и го прави се потешко нивното заминување. Зависноста значи дека тие имаат помалку опции и малку средства кои може да им помогнат да се соочат со или да го сменат однесувањето на нивниот маж.

в) Теорија на субкултура: појдовна позиција на оваа теорија е дека општествените норми и вредности упатуваат на насилство во семејството. Тоа значи дека насилството е одобрено односно покриено со вредности, кои се фаворизирани од одредени делови на културата на некое општество.

г) Теорија на размена и социјална контрола: оваа теорија претставува спој на две теории, преку што насилството во семејството се третира како размена на агресија, во чија основа лежи принципот на награди и трошоци. Тоа значи дека насилството се случува тогаш кога наградата (користа што се добива) од насилството за насилникот е поголема од губитокот (трошоците).

Покрај горенаведените концепти на социолошката теорија, истата ги покрива и следниве теории:

а) Теорија на општествен стрес: стресот може да порасне кога една личност живее во семејна ситуација со зголемени притисоци и секојдевни лоши доживувања. Општествените стресови, кои најчесто се поради недоволни финансии или други слични проблеми во семејството кои можат да ги зголемат тензиите. Насилството не секогаш е предизвикано од стресот, но може да биде еден начин на кој некои луѓе одговараат на стресот. Семејства и двојки, кои живеат во сиромаштија, може повеќе да доживеат семејно насилство, поради зголемен стрес и конфликти за финансии и други работи. Некои шпекулираат дека сиромаштијата може да ја отежни способноста на мажот да ја исполни својата идеја за „успешна машкост", бидејќи се плаши дека ќе ја изгуби честа и почитта. Теоријата претпоставува дека кога тој економски не е во состојба да ја поддржи неговата жена и да држи контрола, тој може да се сврти кон женомразие, дрогирање и злочин како начини да се искаже машкоста (Џевекс Рејчел, „Насилство помеѓу интимни партнери: причини и превенција, 2002 год.).

б) Теорија на општествено учење

Теоријата на општествено учење тврди дека луѓето учат од набљудувањето на другите и работењето според нивното однесување. Однесувањето може да продолжи со позитивно засилување. Ако некој набљудува насилно однесување веројатно е и да ги имитира. Ако нема негативни последици (на пр. жртва, која го прифаќа насилството со предавање), тогаш големи се шансите таквото однесување да продолжи. Често, насилството се пренесува од генерација на генерација на цикличен начин. Ова е чест случај, најчесто се јавува кај децата, кои како мали биле сведоци на насилство помеѓу родителите.

в) Теорија на моќ и контрола

Во некои врски насилството произлегува од забележливата потреба за моќ и контрола, начин на малтретирање и општествено учење за малтретирањето. Напорите на насилниците да доминираат над нивниот партнер, помеѓу другите можни причински фактори е препишано на ниско самопочитување или чувство на недостаток, нерешени конфликти од

детството, стресот од сиромаштија, непријателство и чувствување гнев кон жените (женомразие), непријателство и чувствување гнев кон мажите (мисандрија), нарушувања на личноста, генетски тенденции и социокултурни влијанија. Ставот на причинителот за семејно насилство е тоа дека стратегија е да се добие или да се задржи моќта и контролата врз жртвата.

Друг став е дека малтретирањето произлегува од немоќта, нејзиното изразување/ проектирање и обидот за вршење контрола врз жртвата. Тоа е еден обид за „да се добие или да се задржи моќ и контрола врз жртвата'' но дури и со ова постигнување тоа не може да ја реши немоќта за негово управување. Таквите поведенија имаат заразни страни кои водат кон циклус на малтретирање или насилство. Меѓусебни циклуси се развиваат кога секоја страна се обидува да ја отстрани сопствената немоќ во обид за наметнување контрола.

Прашањата за моќ и контрола се составен дел од широко употребуваниот Дулут проект за интервенција во семејното насилство. Феминистичката теорија на која се потпира моделот Дулут е дека мажите го користат насилството во рамките на врските за да остварат моќ и контрола. Ова е илустрирано со „Тркало за моќ и контрола", графички прикажано како постер во локациите што учествуваат. Според моделот Дулут, „жените и децата се подложни на насилство поради нивниот нееднаков социјален, економски и политички статус во општеството"(Пенс Елен, Пејмар Мајкл „The Duluth Model- Minnesota Program Development", пренесено од оргиналот од 1981 година, 2008год.). Третманот на насилнички мажи е фокусиран на преквалификација, бидејќи „не гледаме машки насилство врз жените како резултат на индивидуална патологија, туку од социјално зајакнато чувство на право ".

г) Теорија на пол и род

Начините на малтретирање од страна на неколку социолози, се шаблонизирани како родови, односно дека, жените имаат обичај да употребуваат попсихолошки, а мажите пофизички форми. Видливоста на овие забележително се разликуваат. Меѓутоа, стручните лица, кои работат со жртви на семејно насилство забележиле дека на физичкото малтретирање речиси секогаш му претходи психолошко малтретирање. Полициските и болничките досиеа покажуваат дека поголем процент на жени отколку мажи бараат лекување и пријавуваат такви злодела.

Доколку или додека повеќе мажи не се идентификуваат себеси и не се знае, дека изјавиле, дека се малтретирани од страна на партнерката или друг член на семејството и на начин според кој по природата и степенот на нивните повреди може да бидат клинички оценети, мажите ќе продолжат да бидат идентификувани како најчести извршители на физичко и емоционално малтретирање.

## VI. Државите во борба со семејното насилство

Во секојдневна борба со семејното насилство, секоја држава пробува да го изнајде најдобриот начин за решавање на ова социјално прашање. Како најчести практики, кои ги користат се: националните стратегии, оформувањето на шелтер центрите, кои се од фундаментално значење, телефонски број на кој жртвите ќе можат да побараат помош 24 часа - 7 дена во неделата и сл. Но, се почесто се осврнуваат и на работа со популацијата на начини како: подигање на јавната свест, рекламни материјали, како: флаери, телевизиски реклами, кратки филмови, со цел да ја запознаат јавноста од ризикот на настанување на семејно насилство во една заедница, анкетирање и изложување на податоците и др. Бројките варираат од држава во држава и иако, најчесто се мисли дека посиромашните земји се најмногу изложени на ризикот од семејно насилство, статистиката покажува дека и во најбогатите земји истото е присутно. Би можеле да кажеме дека присутноста на семејното насилство повеќе варира во одно на тоа како една држава се справува со истото, колку ефективно влијаат нејзините решенија. Ако гиземеме државите од Европа, ќе наидеме на големи разлики помеѓу државите-членки на ЕУ и оние, кои не се.

Понатаму, ќе зборувам за три држави и нивните стратегии и справување со семејното насилство и тоа: Р.Македонија, Хрватска и Германија. Овие три држави се одбрани од причина што меѓу себе се многу различни, како и нивниот статус во ЕУ. Р.Македонија е мала држава, во балканскиот дел на Европа, не е членка на ЕУ, економски гледано не е во добра состојба, додека Хрватска секогаш била економски посилна, но интересно е за Хрватска е што истата неодамна е членка на ЕУ, па ќе може да се согледаат разликите со справувањето со семејно насилство пред и по влагањето во ЕУ. Германија од друга страна е една од државите, кои се основачи на ЕУ, економски стабилна и богата држава, една од земјите, кои може да се наречат светски сили.

Сепак, семејното насилство претставува комплексен и сложен проблем со кој се соочуваат сите држави во светот без исклучок.

## VI. 1. Семејни вредности во државите од Европа

Во многу европски земји, се случија многу фундаментални промени во врска со семејството во последните децении. Првата демографска транзиција започна со постепен пад на стапката на смртност во почетокот на 19 век, проследено со пад на плодноста. Втората транзицијата започнала околу 1965 година и се карактеризира со стапки на фертилитет, придружено со пад на бројот на бракови и пораст на бројот на разводи. Исто така, вредностите во врска со семејството се сменија. Движечката сила зад овие промени се смета дека е модернизацијата.

Теоријата за модернизација тврди, дека технолошкиот развој доведува до индустријализација, урбанизација и големи промени на пазарот на трудот: занимања префрлени од земјоделска работа во индустриска и подоцнежна пост-индустриска работа, како и фактот дека, образовните квалификации станаа многу поважни. Покрај тоа, нивоата на просперитет и богатството се зголемија, обезбедувајќи ги луѓето со материјална сигурност.

Општеството станува порационализирано, политичките системи се претвораат во демократии, притоа започнува процесот на индивидуализација. Постои зголемување на индивидуалната слобода и самоопределување. Вредности ориентирани на автономија, приватност, само-актуелизација и лична среќа стануваат поважни од вредностите, кои укажуваат на колективните цели. Па така, „семејниот идеал" е помалку неопходен за еден поединец да биде среќен во „модерните" пост-материјалистички земји во северозападна Европа отколку за луѓето од традиционално ориентирани земји на југоисток. Она што влијае во овие традиционални ориентирани земји, е нивото на религиозност во една земја. Религиозните луѓе се предводени од традиционални институции, како црквата, која ги поттикнува традиционалните семејни ориентации. Ова влијае на културната клима на земјата, дури и за тие, кои не се верници, односно, поединците во порелигиозните земји имаат повеќе традиционалните семејни ориентации отколку поединците во помалку религиозните општества.

Додека во „модерните" општества, на луѓето повеќе не може да им се диктира како да се однесуваат и што да мислат. Луѓето се и сакаат да бидат слободни и независни и да донесуваат одлуки направени врз основа на лични и индивидуални избори.

Фокусот на индивидуалната слобода и независноста во „модерните" општества, исто така, значи дека мажите и жените сега се стремат да заработуваат личен приход. Учеството на пазарот на трудот од страна на жените се зголеми во многу европски земји. Додека претходно не беше прифатливо, кога мајките работеа надвор од домаќинството, во денешно време ова се чини дека е повеќе прифатено. Сепак, мажите и жените и покрај ова, не се еднакви. Истражувања покажуваат дека и покрај зголеменото учество од жените на пазарот на трудот, учеството на мажите во домаќинството е многу малку. Покрај тоа, луѓето сѐ уште се противат на фактот, дека некои мајки работат полно работно време и сметат дека тоа може да има негативни последици за семејството.

Но, терминот „модерни" не е наменет како негативен поим (дека другото општество не е воопшто развиено), туку едноставно збор за означување дека некои земји се економски понапредни од другите и дека вредностите се полиберални и нетрадиционални отколку други. Вредности, кои се поврзани со семејството се зависни од специфичниот национален контекст и историски развој на една земја.

Но, популарноста на семејството сѐ уште е присутна во Европа. Поголемиот дел од луѓето веруваат дека би било добро во иднина да се посвети поголем акцент на семејство и семјените вредности, тие и покрај модерназицијата сметаат дека семејството игра клучна улога и дека бракот не е застарена институција. Ова не е случај само на југоисточните земји, исто така, мнозинство од северо-западните земјни на Европа го ценат и сметаат дека семејството е важно. Луѓето од европски земји сметаат дека семејството е како камен-темелник на едно здраво општеството. Но, семејство во денешно време е пошироко дефиниран, па кога луѓето ќе одговорат на прашања за „семејството", тие можат да значат различни работи: голем број видови на семејства и облиците на соживот, означени со терминот „семејство". Бракот не се гледа како единствена форма на односот помеѓу мажот и жената и единствен начин да создадат потомок. Сепак, се чини дека семејството останува да претставува трајна вредност, не само во традиционалните култури, но и во поединечно индивидуално општество.

## VII. Семејно насилство во Р.Македонија

Македонското општество повеќе се води според патријархална структура, што доминантно ги определува нееднаквите односи на моќ меѓу мажот и жената. Така традиционално воспоставената родова матрица на машки и женски улоги, доминантната улога на мажот на една страна и инфериорната положба на жената на друга страна, како и општествената перцепција за легитимноста на моќта на мажите, ја определува положбата на жената во семејството и семејното живеење. Доаѓаме до историското прифаќање на семејното насилство во македонското општество, кое е детерминирано од социјалните, економските, културните, политичките, моралните и обичајните вредности.

РМ, водејќи се според широко прифатените дефиниции на насилство во меѓународните документи, семејното насилство како форма на насилство, секогаш кога се појавува, пред се доаѓа до кршење на основните човекови права и слободи. Терминот „семејно насилство" во нашето општество почнува да се пробива во последните неколку години од дваесеттиот век. Промовирањето на семејното насилство започнува во 1994 година, а првите активности на невладиниот сектор се насочени кон препознавање на феноменот во јавноста и кон непосредна помош и поддршка на жените-жртви и нивните деца, како најчесто жртви на ваквиот вид на насилство.

Кога во 2004$^{та}$ година се менува националната легислатива и терминот се инкриминира во Законот за семејство и во Кривичниот законик, проблемот на семејно насилство во РМ го губи карактерот на приватна работа на едно семејство и престанува да биде табуизирана тема. Но, иако, законот го имаме на хартија, кај популацијата, јавната свест не го достигна посакуваното ниво, па оттаму произлегува и честото непријавување на истото и криење на проблемот позади затворени врати во едно семејство. РМ со воведување на терминот, се стреми кон тоа, семејното насилство да се дефинира и да се сфати како закана и за општеството, покрај заканата за жртвите, пред се, поради последиците, кои понатаму се развиваат и влијаат.

РМ почнува да работи на оваа проблематика, но не се забележани големи резултати. Ефективноста на институциите е на многу ниско ниво, пред се, тоа може да го забележиме

во неуспешното поттикнување на жртвите да го пријават семејното насилство и дека истата ќе ја добие соодветната заштита. Тоа што всушност недостасува е соодветноста, навременоста и целесообразноста во обезбедувањето на заштита на жртвите на семејно насилство, кои се пресудни во надминување и во решавање на претрпеното насилство.
Но почнувајќи од полициските службеници, кои се први на местото на настанот, истите немаат доволно обуки како најсоодветно да постапат со жртвите на семејно насилство и истовремено да не дозволат жртвата дополнително да се уплаши и да се повлече од понатамошна постапка, па случајот најчесто завршува како поплака.

Доколку жртвата не оттстапи од пријавата, се известуваат инспектори за семејно насилство, кои земаат пријава од жртвата и понатаму постапуваат според КЗ на РМ, односно како дело, кое се гони по службена должност. Додека, полицискиот службеник е должен веднаш да и обезбеди здравствена заштита на жртвата, да одземе од сторителот огнено оружје и дозвола за истото, доколку истиот поседува. Полицискиот службеник е должен веднаш, а најдоцна рок од 12 часа од интервенцијата на настанот, а заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство до надлежниот суд да достави предлог за изрекување на привремена мерка за заштита -отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот и полициски извештај.

Покрај горенаведеното, полицискиот службеник е должен веднаш, а најдоцна рок од 12 часа од интервенцијата на настанот, да го извести надлежниот центар за социјална работа заради преземање на мерки за заштита на жртвата.

Центарот за социјална работа е должен веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од добиеното сознание да превземе мерки за заштита на жртвата.

Според „Правилникот за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот, Министерство за труд и социјална политика" ги превзема следниве мерки за заштита на жртвата:

- сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство;

- соодветна здравствена заштита;

- соодветна психо - социјална интервенција и третман;

- психо - социјален третман во советувалиште;

- помош на семејството за редовно школување на дете;

- правна помош и застапување, и

- економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.

Центарот за социјална работа врши проценка на потреби за заштита на жртвата, според видот, интензитетот, контекстот на случување на насилството, здравствениот и семејниот статус на жртвата, нејзината возраст и други околности во постапката за преземање на потребните мерки за заштита.

## VII.1. Национална правна рамка

Во однос на правната заштита од семејно насилство, правната рамка во РМ предвидува заштита на жртвата во кривична и во граѓанска постапка. Кривичното гонење на сторителите на семејно насилство се спроведува во согласност со Кривичниот законик и Законот за кривична постапка. Правната рамка за заштита на жртвите во граѓанска постапка ни ја дава Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, кој беше донесен во 2014 година, а почна да се применува на 1.1.2015 година. Овој закон го уредува целосното постапување на институциите, но и здруженијата на граѓани, во превенирање и спречување на семејното насилство и обезбедување заштита на жртвите.

Но, особено важни закони што се тесно поврзани со системот на заштита на жртвите на

семејно насилство се Законот за социјална заштита и Законот за бесплатна правна помош. Преку Законот за социјална заштита се утврдуваат правата на финансиска поддршка на жртвите на семејно насилство и згрижувањето на жртвите во засолништа. Додека, согласно Законот за бесплатна правна помош за жртвите на семејно насилство, барањето за бесплатна правна помош може да биде одобрено во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање од интерес за жртвата на семејно насилство, и тоа за права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца, заштитата од казниви дела и имотно-правните прашања.

### VII.2. Меѓународна правна рамка

Покрај горенаведените закони, правната рамка во РМ се потпира и на меѓународните ратификувани договори. РМ го следи примерот на Европската Унија и се обврзува на Декларацијата за човекови права[1], подразбира дека сите права и слободи прогласени со истата му припаѓаат на секое лице, без дискриминација.

Друг меѓународен ратификуван договор, според кој се води РМ е Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките прав (1966)[2], каде во член 2 се гарантира принципот на еднаков третман на правата признати со овој Пакт на сите лица, без оглед на расата, бојата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго мислење, националното или социјалното потекло, имотната состојба, раѓање или секоја друга околност. Се уредува и правото на секое лице да користи ефикасен правен лек и да се обезбеди извршување врз основа на постапка по правен лек. Во член 3 се уредува еднаквото право на мажите и жените да ги уживаат сите

1 Целосниот текст на Универзалната декларација за човековите права можете да го најдете на следниот линк: http://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Univerzalna-deklaracija-za-pravata-nacovekot.pdf

2 Целосниот текст на Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права можете да го најдете на следниот линк: http://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Megjunaroden-pakt-za-gragjanski-i-politickiprava.pdf

граѓански и политички права од овој пакт.

Во Конвенцијата за правата на детето[3], усвоена во 1989 година, е потенцирано дека правата што таа ги содржи важат еднакво за машките и за женските деца.

Но, со стагнирањето на РМ изминативе години, се прекршуваат и сите гореспоменати договори, при што во оваа насока се дадени и препораки за надминување на оваа состојба од страна на комитетите при Обединетите нации надлежни за следење на почитувањето на овие документи од страна на државата.

3 Целосниот текст на Конвенцијата за правата на детето можете да го најдете на следниот линк: http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf

## VIII.Национална стратегија за заштита од семејно насилство во РМ 2008-2011 година

Во 2008-та година беше донесена првата Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година, која се примени со поддршка на 5–те UN Агенции (UNDP, UNICEF, UNWOMEN, UNFPA и Светската здравствена организација) и Кралството Холандија.

Националната стратегија за заштита од семејно насилство претставува основен стратешки документ на Република Македонија, кој има за цел утврдување на стратешките насоки и приоритети за сузбивање и спречување на овој вид на насилство и утврдувањето на одговорните носители за нивно спроведување.

Стратегијата е изработена од страна на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за здраство, Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието. Исто така , именуваната стратегија е изработена на иницијатива и со поддршка на Здруженеито ЕСЕ, како и со учество на сите останати значајни актери во земјата, владини и невладини организации, меѓународни организации, клучни актери и партнери на Владата на Република Македонија.

Визијата на оваа стратегија е воспоставување на сеопфатен и ефикасен систем во Република Македонија за заштита и превенција од семејно насилство.

Додека мисијата на сите засегнати чинители за постапување по семејното насилство е донесувањето на Стратегијата да се овозможи:

-Обезбедување на услови за успешна и континуирана реализација на Стратегијата за заштита од семејно насилство од страна на сите релевантни актери ( владини и невладини институции );

-Одржливост на истите постигнати резултатите од Стратегијата

## VIII.1. Анализи и статистики

Стратегијата во себе соддржи анализи и статистики за семејното насилство во изминатите претходни години. Имено, Министерството за труд и социјална политика, преку центрите за социјална работа секој три месеци прибира податоци за пријавеното семејно насилство. Нивните податоци ги содржат следниве параметри: новоевидентирани случаи на семејно насилство; работа по веќе регистрирани случаи; комплетирани/решени случаи; пријавени случаи од останати институции/организации; националност, пол и старост на жртвата; вид на преземена интервенција од страна на центрите за социјална работа; интеревенција со полиција; предложени мерки за привремена заштита; број на поднесени барања за изрекување на привремени мерки; евиденција за тоа колку од жртвите се корисници на социјална помош (еднократна и постојана) и др. Покрај тоа, обврска за прибирање на податоци има и Националната СОС линија финасиски поддржна од страна на МТСП, која редовно го известува министерство за бројот на јавувањата и понудената заштита.

Од 2004^та^ година, по законското регулирање на законот за семејно насилство па се до денес, МТСП има воспоставено база на податоци за преземени мерки на 2заштита за пријавени случаи на семејно насилство.

Направени се анализи на семејства, каде преовладува семејното насилство, при што може да видиме дека најчесто е застапено кај семејства со социоматеријалниот статус е на ниско ниво или пак образовниот статус, но не се исклучени ни семејствата со задоволителни месени приходи и висок образовен статус, иако е помал процентот.

Органите за внатрешни работи во 2005^та^ година, евидентирале 215 кривични дела, 1202 прекршоци и 3750 поплаки за семејно насилство. Во отсуство на податоци за полот на жртвата од 2005-та, податоците од 2006-та на истото министерството говорат дека жените во 70,1%, а мажите во 29,9% од пријавените случаи се јавуваат како жртви.

Додека пак, Центрите за социјална работа, во периодот јуни 2005 - јуни 2006 евидентирале 839 случаи на семејно насилство. Како и во податоците од МВР, исто и тука, во улога на жртви на семејното насилство доминираат жените со застапеност од 93,11%,додека мажите во 6,89% од пријавените случаи се јавиле во улога на жртви.

Според официјалната статистика на органите за прогон, најзастапено е физичкото со 87%, по кое следи психолошко со 10.2% и сексуалното насилство со 2.8%. Нема разлика во застапеноста на одделните форми на семејното насилство пријавени во центрите за социјална работа, но затоа пак постои разлика во висината на нивната застапеност. Така, во центрите за социјална работа физичко насилство е застапено со 52.43%, психолошкото со 44.44% , сексуалното со 2.57 % и работно искористување со 0.56 %.

Во период од една година, поточно од јуни 2005[та] до јуни 2006[та] од евидентираните 276 кривични пријави за семејно насилство, одновните јавни обвинтелства поднеле 238 обвинителни акти. Разликата се должи на отфрлањето на кривичните пријави иповлекувањето на жртвите на семејното насилство од кривично гонење.

За жал, изрекувањето на поблаги казни, односно користењето на можноста за ублажување на казната е карактеристична при санкционирањето на поведението на сторителите на семејно насилство, според статистиките во оваа стратегија.

### VIII.2. Едукација и превентвни активности

Стратегијата кажува дека едукација и воведување на едукативни содржини во институциите во РМ не постои. Постојат институции, кои самоиницијативно работат на оваа проблематика. Иако, во периодот од 2004 година до 2006 година е спроведена едукација на одредени кадри, бројката на истите е мала на ниво на РМ.

Превентивните активности се одвиваат по пат на организирање на кампањи кои една деценија традиционално се организираат во рамките на 16 меѓународни денови на активизам за борба против насилството врз жените на Обединетите нации. Почнувајќи од јуни 2005 земјата активно се вклучи во одбележување на Паневропската кампања за борба против семејното насилство на Советот на Европа.

Покрај тоа, во изминатите години реализирани се повеќе национални кампањи за меѓуинституционална соработка за справување со семејното насилство, кои истовремено беа и медиумски поддржани заради подигнување на јавната свест .

### VIII.3. Иницијативи за унапредување на ефикасноста во постапувањето

Интезивната работа на полето на превенција и заштита од семејно насилство, помошта и поддршката на жртвите, како и изменувањето, дополнувањети на законската регулатива и нејзино усогласување со ЕУ стандардите е забележано од самото осамостојување на РМ.

Во превземањето на видови активности на полето на заштита од семејно насилство, најмалку е инволвирано Министерството за образовние. Наставниот кадар нема поминато систематски организирана едукација во однос на препознавањето на семејното насилство кај учениците, во насока на работа со нив и пријавување на насилството. Ситуацијата е уште поалармантна ако знаеме дека наведените недостатоци се прошируваат и на полето на наставните програми и содржини преку застапеноста на традиционалните ставови и патријархални вредности, кои се основната причина за појавата и постоењето на семејното насилство.

Документи, кои го уредуваат прашањето на семејното насилство во РМ се: „Националниот план за акција за родова еднаквост", усвоен од Владата на Република Македонија во мај 2007 год, кој предвидува повеќе стратешки области, меѓу кои и: „Жената и насилството". Овој документ и содржината предвидена под споменатата стратешка област беше земен предвид при подготовката на Националната стратегија за заштита од семејно насилтво. А покрај тоа, усвоена е Декларацијата за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство - од страна на Собранието на Република Македонија (ноември 2006 година). Со неа, за првпат во нашата земја, покрај извршната власт, за ова прашање се заложи и законодавниот дом.

### VIII.4. Заклучок за „Национална стратегија за заштита од семејно насилство во РМ 2008-2011 година"

Во останатите делови од Стратегијата објаснета е правната рамка за регулирање на семејното насилство и реформите во социјалната заштита, а дадени се и водечките принципи и објаснети се ризиците, тековните проблеми и предизвиците со кои треба истата да се соочи.

Главната стратешка цел на Националната стратегијата за заштита од семејно насилство е намалување на појавата на семејно насилство и подобрување на квалитетот на заштита со системски мерки во областите/домените на превенција, интервенција, едукација, следење и меѓусекторска координација, заради ефективно и ефикасно делување за справување со семејното насилство со обезбедување на единствен став и пристап. Покрај главната стратешка цел, Стратегијата има и посебни цели, резултати и активности, со цел истата да се оствари. Иако, истата можеби ја нема постигнато во целост својата цел и не го дала очекуваниот ефект, сепак е од важно фундаметално значење, бидејќи ги поставува корењата за борбата против семејното насилство на поинаков начин, кој пред тоа не бил употребуван во РМ.

## IX. Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година

Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година, која беше усвоена во јули 2012 година од страна на Владата на Република Македонија, ќе се имплементира преку петте стратешки области и тоа: спречување, заштита, помош и поддршка на жртвите на семејно насилство; гонење на сторителите; мултисекторска соработка и подигнување на институционалните капацитети; следење и евалуација.

Владата на Република Македонија со донесувањето на новата стратегија продолжува посветено да работи на заштита на човековите права, а со тоа семејството го гледа како единствена клетка на општеството во целина.

По првата Националната стратегија, која се имплементирашево периодот 2008-2011 година, чиј фокус беше насочен кон подигање на јавната свест, подобрување на сервисите координацијата меѓу институциите, со што жртвите би добиле адекватна заштита каде и да се на територијата на Република Македонија, Владата продолжува со истото темпо, надевајќи се на уште поуспешна наредна стратегија. Имено, имплементацијата на Стратегијата беше потпомогната од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје и агенциите на Обединети нации. Прогресот во унапредување и заштита на човековите права беше забележан и во извештајот на Европската унија за 2011 за Република Македонија.

Но, првото национално истражување покажа дека институциите треба и понатаму да се насочат кон подобрување на заштита на жртвите, подобрување на координацијата, а особено кон подигање на јавната свест.

Оттука, преку веќе воспоставената заедничка работа и посветеност на државните органи, граѓанскиот сектор и меѓународните институции произлезе и потребата од продолжување на Стратегијата за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015.

Предмет на Стратегијата за спречување на семејното насилство е спречување на сите облици на семејно насилство врз секоја жртва, но мерките кои ги предвидува нудат специфичен пристап кој ги адресира индивидуалните потреби на жртвите. Бидејќи како најзастапени жртви на семејно насилство се јавуваат жените, Стратегијата нуди и рамка за родово специфични мерки насочени кон спречување и заштита на специфичните потреби

на жените, но покрај тоа нуди широка лепеза од мерки и активности со кои се опфатени и сите други жртви.

Националната стратегија за спречување на семејното насилство 2012-2015 има за цел понатамошното развивање на сеопфатен и ефективен систем за спречување на семејното насилство во Република Македонија. Изработката на овој стратешки документ во голема мера се потпира на Стратегијата за заштита од семејно насилство 2008-2011 и е логичен континуитет на посветеноста на Владата на Република Македонија за функционален и ефикасен одговор на семејното насилство. Националната стратегија, исто така, е усогласена со заложбите и обврските преземени од Владата во напорите за искоренување на семејното насилство. Владата се обврзува на стратешките цели и задачи содржани во Стратегијата, меѓу другото, имајќи предвид дека нивната доследна имплементација пред се, е суштински чекор за поврзување на националните политики со политиките на Европската Унија.

### IX.1. Методологија на изготвување на стратегијата

Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 е изготвена од страна на работна група номинирана од Националното координативно тело за следење и оценка на имплементацијата на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 (НКТ). Работната група е составена од претставници од релевантните национални институции, невладини организации и меѓународни организации.

Стратегијата е изготвена според искуствата и научените лекции од сите национални институции, невладини организации и меѓународни организации во имплементацијата на активностите на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011.

Друг важен извор на информации за стратегијата беа националните и меѓународните документи за семејното насилство. Големо внимание се посветило на научните истражувања за семејното насилство на меѓународно и на национално ниво, што овозможи поинаква перспектива.

Во втората по ред стратегија, првиот чекор при нејзино изготвувањето беше анализа на состојбата на полето на спречување и борба со семејното насилство, што вклучувало неколку активности:

-преглед на регулаторната рамка и релевантното национално законодавство, вклучително и стратешките документи и политики поврзани со семејното насилство;
-преглед на состојбата со имплементација на годишните акциски планови на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011;
-преглед на годишните извештаи, записниците за работни состаноци на НКТ, проценки на релевантните национални институции, како и анализи и
извештаи од меѓународните организации;
-оценка на статусот на имплементацијата на Стратегијата 2008-2011, вклучително на идентификација на пречките и предизвиците, како и силните страни. Доминантен метод кој се примени е анализа на документи комбиниран
со хронолошко-тематскиот метод и дискусии во фокус групи.

Особена придобивка на применетата методологија на работа е одржувањето на
дискусии со фокус групи на локално ниво. Тие имаат мулти-секторски карактер, а учесниците се селектирани според улогата во превенција и одговорност за заштита во областа на семејното насилство.

Покрај големиот недостатокот на сеопфатни научни истражување за семејното насилство во земјата, евидентно е и отсуство на редовно собирање на статистички податоци за за видовите на семејно насилство, видот а превенција и сл. Министерството за внатрешни работи и во Министерството за труд и социјална политика се единствените, кои водат официјална статистика за случаи на семејно насилство. Но податоците, кои ги собираат и анализираат двете наведени министерства ни ги прикажуваат само бројот на пријавени случаи и видовите на обезбедени услуги, па оттука не ја прикажува вистинската слика за распространетоста на семејното насилство и за сите видови на семејно насилство. Па, оттука, стратегијата располага од податоците за семејното насилство кои се добиени од три национални истражувања во последните две години.[4] При изготвувањето на стратегијата земени се во предвид анализите и препораките кои се вклучени во Извештајот на ЕУ за напредокот на земјата за 2011 во делот за борбата против семејното насилство. За развивање

4 („Запоставени и жигосани"- Анализа на состојбата со сексуална злоупотреба на деца, УНИЦЕФ, 2010; Преваленца на злоупотреба на стари лица, СЗО, 2012 ; Национално истражување за семејно насилство,УНДП,2012. )

на стратегијата придонесе и техничката експертиза обезбедена од заедничката програма за семејно насилство на организациите на ОН, „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство“.

Додека како клучни точки за изготвување на стратегија беа искористени препораките од домашни и меѓународни анализи со цел одредување на нејзините приоритети и дефинирање на методологијата.

Ад Хок-Комитетот за спречување и борба против насилството врз жената и домашното насилство (CAHVIO)[5] кој беше формиран за изработка на текст на Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба со насилството врз жената и домашното насилство, која Република Македонија ја потпиша во 2011 година, е земен во предвид , како и препораката од истиот.

## IX.2. Анализи и спроведени истражувања

Анализата на состојбата опфаќа прегледи приказ на спроведените истражувања во врска со семејно насилство, преглед на статистичките податоци за пријавени случаи на семејно насилство пред надлежните институции и преземените активности, анализа на законската рамка, како и преглед на имплементираните активности предвидени со Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011.

Во периодот на имплементација на првата Националната стратегија 2008-2011, семејното насилство во земјата беше предмет на повеќе научни истражувања, со цел утврдување на

5 Во декември 2008 година, Советот на Европа формираше експертска комисија, Ад хок комитет за спречување и борба против насилството против жените и семејното насилство (CAHVIO) составен од владини претставници на земјите членки на Советот на Европа

распространетоста, динамиката, карактеристиките на семејното насилство и за утврдување на обемот, манифестациите и ризиците за семејно насилство кај децата и кај старите лица. Добиените истражувачките резултати од спроведените национални истражувања се важни за адекватно планирање на стратешките активности во Стратегијата, а особено е важно и потребно да се земат предвид специфичните проблеми на особено ранливите групи, вклучително на деца, стари лица, жени од руралните средини, лица со инвалидитет.

### IX.2.1. Национално истражување за семејно насилство

Едно од спореведените истражувања е „Национално истражување за семејно насилство“ е спроведено од БРИМА-Скопје во 2012 година, со поддршка на УНДП, во рамките на Заедничка програма на организациите на ОН, „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство“. Истражувањето опфаќа мажи и жени на возраст над 15 години и е спроведено на репрезентативен примерок од 2100 граѓани. Примерокот е дизајниран од Државниот завод за статистика и вклучува 300 случајно избрани истражувачки единици стратификувани според регион и урбани/рурални средини.

Во секоја истражувачка единица слектирани и интервјуирани се 7 испитаници. Во истражувањето се применети квантитативни методи за национални истражувања во согласност со UNODC-UNECE Manual on Victimization Surveys. Теренското собирање на податоци се одвиваше во периодот 27 март до 4 април 2012 година со примена на лице в лице интервју во домот на испитаниците.

Примарна цел на ова истражувањето е да обезбеди сеопфатна анализа на причините за семејно насилство, видовите, инциденцата, преваленцата, и сериозноста на насилство.

Исто така, преку добиениот резултат од истражувањето се адресира знаењето, сфаќањата, перцепциипе и стереотипите кај јавноста во врска со семјеното насилство, како и ефектите

од кампањите против семејно насилство.

Од горенаведеното спроведено истражување ги добиваме следните резултати:

-машките членови на домаќинството се јавуваат како најчести сторители и тоа во сите три најчести категории на семејно насилство;

-во семејствата каде што е присутно се случува често;

-посебен ризик да доживеат семејно насилство постои кај помладите жени, но и кај најмладата возрасна група на мажи (15-29 години) постои многу висока преваленца на семејно насилство;

-кај сите три најчести видови на семејно насилство, доминатен е машкиот род и тоа: кај физичкото насилство 76%, психолошкото насилство 53% и сексуалното насилство 100%;

-фактори, кои се јавуваат како честа причина за појава на семејно насилство се: образовниот статус, бројот на деца, местото на живеење (урбана или рурална средина), а како една од особено примарните причинители е и економската зависност на жените од мажите;

-истраживањето покажува дека, образованието е тесно поврзано со сиромаштијата и врабоувањето. Речиси 80% од испитаничките со незавршено основно образование, основно или пониско образование се изјасниле дека доживеале некој вид на насилство во домаќинставата во кои моментално живеат, што го сочинува половина од примерокот на жени;

-во однос на етничката припадност, резултати покажуваат дека состојбата кај ромските семејства е алармантна, дури 72,2% од жените од ромската етничка заедница биле жртви на семејно насилство;

-повеќе од 3/4 од од случаите не се пријавени во ниту една јавно достапна служба;

-во врска со задоволството со квалитетот на услугите што се добиваат, испитаниците изразиле висок степен на задоволство со услугите кои ги обезбедуваат невладините организации и здравствената заштита;

-од аспект на активностите кои се спроведувани во изминатиот период за подигнување на јавната свест за феноменот на семејното насилство, 73% од испитаниците се изјасниле дека се запознати со кампањата и исто така позитивно се произнеле за кампањата но, само неколкумина го памтеле главниот слоган на кампањата. (Вилагоземз, Рикаловски, Поповска, 2012г. :стр.8).

### IX.2.2. Национално истражување „Преваленца на злоупотребата на стари лица“

Националното истражување, „Преваленца на злоупотребата на стари лица“, спроедено од страна на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања-Скопје во 2011 година, со поддршка на Светската здравствена организација имаше цел да го истражи феноменот на насилство и злоупотреба на стари лица и да овозможи идентификација на преваленцатана семејно насилство и злоупотребата врз стари лица, да ги идентификува доминантните облици на насилство и злоупотреба на стари лица и да ги идентификува сторителите.

Ваков вид на истражување е прво во земјата и е инспирирано од идентификацијата на злоупотребата на стари лица како здравствен проблем во Националниот извештај за насилство и здравје.[6]

Истражувањето е спроведено на територија на Република Македонија и опфатило 960 испитаници (429 мажи и 530 жени) на возраст над 65 години кои живеат во приватни домаќинства. Теренското истражување е спроведено во текот на декември 2011 година со примена на лице в лице истражувачка метода и прашалник како техника за собирање на податоци. (Марковиќ, Јорданова Пешевска, Сети, Серафимовска, Кишман, 2012г.: стр.8.)

6 Извештај за насилство и здравје во Македонија и прирачник за превенција. (2006)

Добиените резултати укажуваат на следната состојба:

-34,6 % од лицата на возраст над 65 години искусиле некаков облик на насилство, злоупотреба или запоставување;

-психолошката злоупотреба е најзастапен облик на насилство, односно 25,73% од испитаниците изјавиле дека искусиле психолошка злоупотреба, 11,98% од испитаниците искусиле финансиска злоупотреба, додека 8,86% од испитаниците искусиле физичка злоупотреба и повредување. Додека запоставувањето е присутно кај 6,53% од испитаниците. Најмалку застапен облик на насилство е сексуалната злоупотреба со присутност од 1,35%;

-најчести сторители на насилството врз старите лица се партнерот или сопругот,

синот и снаата. Како најчест сторител на психолошко насилство е синот (29,55%), па потоа следи партнерот (25,51%) и снаата (22,62%). Физичкото насилство најчесто е извршено од партнерот (30,91%), сната (23,64%) и синот (20.00%). Сторител на финансиско насилство во 47% е синот и партнерот во 10%. Доминантен сторител на сексуално насилство е партнерот или лице кое жртвата го познава.

-постарите жени се многу почесто жртви на сите видови на насилство. Од истражувачките резултати очигледно е дека жените се најчесто изложени на сите видови на насилство само заради тоа што се жени и се физички послаби и немоќни да се одбранат.

-образованието повторно се јавува како фактор на ризик за насилство.

### IX.2.3. Истражување „Запоставени и жигосани"

Институтот за социолошки и политичко правни истражувања-Скопје во 2009 година, со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ-Скопје спроведе истражување, под името „Запоставени и жигосани", кое дава анализа на состојбата со сексуална злоупотреба на деца.

Анализирани се и постојните капацитети на државните институции за заштита на децата од сексуална злоупотреба. Целта на истражувањето е да се идентификуваат обемот и појавните облици на сексуалната злоупотреба на деца во земјата, да се утврдат карактеристиките на децата жртви на сексуална злоупотреба и да се профилираат сторителите на ваков вид злоупотреба, како и да се откријат околностите кои придонесуваат за сексуална злоупотреба на деца.

Истражувањето е спроведено меѓу 1 јули и 30 ноември 2009 година, додека собраните податоци се однесуваат на периодот јануари 2004 до јуни 2009 година. Опсегот на истражувањето е заснован на евидентираните случаи во институциите на системот (Центри за социјална работа и судовите). Покрај тоа, во истражувањето се вклучени и професионалците од системот (вработени во полицијата, ЦСР, училиштата, градинките и здравствените установи).

Истражувачките резултати алармирааат на тоа дека, официјалната статистика дава само дел од сликата за сексуалната злоупотреба на децата, односно не обезбедува информации за застапеноста на различните форми на сексуалната злоупотреба на деца, што е резултат на методологијата на водењето на статистиката, според сторител, а не според жртвите.

Добиени се следнитеве резултати:

-поголем дел од децата кои биле сексуално злоупотребени се девојчиња, односно во 78% од случаите. Како најголемиот број сторители повторно се јавуваа машкиот пол (93%). Но, иако девојчињата се почесто застапени во вкупната бројка на деца жртви, момчињата на возраст до 6 години се почести жртви во споредба со девојчињата на нивна возраст.

-според етничката припадност, иако најголемиот број на деца-жртви се од македонска етничка припадност, најранлива етничка група се децата Роми, а најмалку се застапени случаи со деца-жртви од албанска етничка припадност.

-неретко, тие потекнуваат од дисфункционални семејства, кои се соочуваат со низа други проблеми, како: лоши услови за домување (31%); невработеност кај родителите (кај 25% двајцата родители се невработени); зависност од редовното исплаќање на социјалнапомош (34%). Домашното насилство е пријавено кај четвртина од овие семејства.

-според истражувачките резултати децата се изложени на најголем ризик од сексуална злоупотреба од луѓе во нивното најтесно опкружување. Во само 12,5% од случаите, сторителот му бил непознат на детето.

-мнозинството од лицата осудени за сексуална злоупотреба на деца (83%) биле

примарни престапници.

-етничкиот состав на осудените сторители на сексуална злоупотреба покажува дека

тие припаѓаат на сите етнички заедници кои живеат во земјата. (Чачева, Мирчева, 2010 год., стр.9)

### IX.3. Резултати од Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011

Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година постави стратешка цел за воспоставување на сеопфатен и ефикасен систем во Република Македонија за заштита и превенција од семејно насилство, која се реализира преку намалување на појавата на семејното насилство и подобрување на квалитетот на заштитата со системски мерки во областите/домените на превенција, интервенција, едукација, следење и меѓусекторска координација.

Спроведените активности опфаќаа:

-воспоставување и развивање на мултисекторски координиран пристап во заштита на жртвите на семејното насилство. Владата на Република, по усвојувањето на Националната стратегија за заштита од семејното насилство 2008-2011 година, формираше Национално координативно тело составено од претставници на релевантните министерства и граѓанските здруженија, што се покажа како добра практика. Со тоа се овозможи целосно координативен и партиципативен механизам за спроведување на овој документ и активно

учество на здруженијата на граѓани;

-превенирање на појавата на семејното насилство преку воспитно-образовниот процес, со што се обучени кадри од областа на образованието, како советници, наставници, психолози и педагози, а објавен е и Прирачник за советување на родители на учениците;

-едукација на професионалните структури. Во оваа насока обучени се: професионалци од центрите за социјална работа, стручни лица, здравцтвени работници, универзитетски кадар, полициски службеници, судии и јавни обвинители;

-подобрување на системот на заштита на жртвите на семејно насилство, применето преку обезбедена одржлива СОС линијата за пријавување на семејно насилство, спроведена е обука за работа на СОС телефон на доверба, наменета за невладиниот сектор со цел да се овозможи достапност до оваaa услуга на локално ниво. Спроведена е и посебна обука на адвокати кои даваат правна помош на жртвите на семејно насилство, а формирана е и првата Национална мрежа на НВО кои работат на полето на спречување на насилството врз жените и семејното насилство, која претставува прво формалноздружување на поголем број организации на полето на превенција и спречување на семејното насилство. Од голема важност е отворањето на првото Советувалиште за работа со сторители на семејно насилство, во просториите на Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје.

-унапредување на граѓанско-правниот систем на заштита. Во доменот на креирање на ефикасен систем на заштита, со Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството се воедначи дефиницијата на семејно насилство со Кривичниот законик на РМ, при што се прошири кругот на лица кои можат да се јават како жртва или извршител на семејно насилство со лица во блиски лични односи. При тоа, законот ги дефинира блиските лични односи, како лични односи меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница. Преку овие измени се прецизираше рокот за доставување на известувањата за постапување од другите органи кон центарот за социјална работа во рок од 72 часа, како би можело ефикасно да се собере и комплетира целосната документација за натамошно процесуирање на предметот. При тоа законските одредби ја утврдуваат соработката помеѓу ЦСР и граѓанските здруженија, така што здруженијата доставуваат известување и целокупна документација до ЦСР во рок од 72 часа од како се

преземени мерките за заштита, по што Центарот за социјална работа во рок од 24 часа изготвува соодветно решение;

-унапредување на казнено-правниот систем, односно законската рамка за обезбедување на соодветна кривично-правна заштита на жртвата, санкционирање и ресоцијализација на насилникот е подобрена преку неколкуте измени и дополнувања на Кривичниот законик и усвојувањето на новиот Закон за кривична постапка. Во 2009 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик со кои во член 56: Обврски кај заштитен надзор, се воведува одредба за: „Посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство". Покрај тоа, во член 57: Орган за спроведување на заштитен надзор, покрај социјалниот орган се воведува и „соодветно советувалиште" како надлежен орган за помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврската од страна на осудениот. Со надоградување на домашното законодавство за правата на жртвите, во 2010 година донесен е Закон за кривичната постапка, во кој во членовите 53 до 56 се вградуваат значајни новини со кои се уредуваат правата на жртвата, посебни права на ранливи категории жртви и на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право.

Паралелно со овие активности претставникот од Министерството за правда во НКТ, учествуваше во активноста на Комитетот на Советот на Европа за изработка на Конвенцијата за превенција и борба со насилството спрема жената и домашното насилство (Конвенција). Во 2010 година предлог стандардите на оваа конвенција беа презентирани пред Националното тело за заштита од семејно насилство (НКТ). Паралелно со овој процес, претставникот од Министерството за правда во НКТ достави предлози за вградување на нови или измена на постојните а согласно стандардите на оваа конвенција до Работната група за изготвување на измени и дополнување на КЗ.

-воспоставување на систем за евиденција и известување за случаите за семејно насилство од страна на сите релевантни институции. Постапката за воспоставување на национален унифициран систем за собирање на податоци за семејно насилство се уште не е завршена, но истата е од примарна важност, така да активностите во оваа насока треба да продолжат. Во ЦСР е воспоставена софтверска програма за евидентирање на корисниците и формите

на обезбедени социјални услиги, вклучително и за жртвите и извршителите на семејно насилство. Но се уште престои потреба од унифицирање на базите на податоци во сите сектори, нивно умрежување и креирање на единствена национална база на податоци. На овој начин ќе се овозможи мониторинг и еваулација на состојбите со семејното насилство и креирање на соодветни одговори и решенија.

Додека, воспоставување на систем за евиденција и известување за случаите на семејно насилство од страна на судовите и јавните обвинителства делумно се реализирани. Воведен е АКМИС-Автоматизиран комјутерски систем за управување со судските предмети. Исто така, во надлежност на судската управа е: „обезбедување на податоци за статистички извештаи и статистички прашалници и по потреба пополнување на статистички извештаи и статистички прашалници."

-воспоставен механизам за спроведување на Стратегијата. Национално координативно тело ефективно го координира креирањето политики и спроведувањето на Националната стратегија за спречување на семејното насилство и останатите релевантни национални стратегии преку оддржување редовни месечни состаноци каде што се презентираат тековните активности на сите релевантни носители. Како една од клучните активности на ова тело е донесување на Заеднички протокол за постапување на надлежните институции и невладиноот сектор во случаи на семејно насилство со соодветен механизам за упатување.

Со оваа цел реализирани се обуки за запознавање и продлабочување на знаењата за основни човекови права, родовиот пристап и спроведување на мониторинг и евалуација во процесот на следење на имплементација на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година.

## МАПА НА ПОСТОЕЧКИ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СЕРВИСИ ЗА ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВО Р.МАКЕДОНИЈА




***Легенда за мапа:***

- *Засолништа за жени жртви на семејно насилство*
- *СОС линии*
- *Бесплатна правна помош*
- *Советувалишни центри за психосоцијална поддршка*
- *не постои сервис за жени жртви на насилство*

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

## X. Постапување на судовите при изрекување на привремените мерки за заштита од семејно насилство и нивната ефективност

За да се утврди начинот на постапување на судовите и утврдување на потребата за унапредување во обезбедувањето на навремена и соодветна судска заштита за жртвите на семејно насилство „Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените" или накратко ЕСЕ изврши набљудување и увид во судски постапки/ предмети и спроведе фокус група со жени - жртви на семејно насилство. Дополнително, наодите од анализата беа предмет на дискусија на неколку индивидуални средби и еден заеднички форум со претставници на основните судови каде што се спроведе набљудувањето и увидот. Од особено значење при спроведувањето на оваа анализа е податокот што подготовката на формуларот, кој претставуваше основа за прибирање на податоците од судските постапки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство, беше направена со помош и со вклученост на сите релевантни актери. Во подготовката на формуларот учествуваа: жени - жртви на семејно насилство, кривичен судија, граѓански судија, адвокати, претставници од ЕСЕ и Коалицијата „Сите за правично судење". Со анализата беа опфатени вкупно 84 судски предмети за изрекување на привремени мерки за заштита, односно беше направен увид/ беа набљудувани 168 судски рочишта во десет основни судови во градовите: Битола, Куманово, Штип, Струмица, Велес, Радовиш, Делчево, Дебар, Гостивар и Тетово. Ова се основните судови, кои доставија податоци за тековни и завршени судски постапки, врз основа на претходно поднесено барање од страна на ЕСЕ.

Првична цел на проектот беше да се спроведе набљудување на судски постапки за изрекување на привремени мерки за заштита (ПМЗ) на жртвите на семејно насилство предвидени во Законот за семејство на РМ, кои се во тек пред основните судови вклучени во оваа анализа, но поради нивниот мал број беше применет и методот на спроведување на увид во завршени судски постапки со цел прибирање на потребните податоци. Сепак, прибирањето на податоци се спроведе врз основа на увид во завршени судски постапки. Постапките за изрекување на привремени мерки за заштита беа селектирани врз основа на добиените податоци за тековните и завршените судски предмети од основните судови по воспоставена соработка и назначување на лице за контакт од нивна страна. Увидот во

завршените судски постапки се реализираше врз основа на претходен договор и обезбедување на предметите од судската архива. Значајно е да се напомене дека предмет на анализа беа судските постапки за изрекување на ПМЗ со закажани судски рочишта во 2012 и 2013 година, со исклучок на Основен суд Битола каде што предмет на анализа беа судските предмети од 2013 година.

Итна заштита на жртвата и повикување на одговорност на сторителите се основни принципи врз кои треба да се заснова една судската заштита на жртвите на семејно насилство. Заштитата на жртвата од насилство, повикувањето на насилникот на одговорност и укажувањето на недозволивоста на неговото однесување е целта поради која се воведени привремени мерки за заштита. Со Законот за семејство на РМ е уредена постапката за изрекување на привремени мерки за заштита. Предмет на оваа анализа беа одделните материјални и процесни аспекти на оваа судска постапка утврдени со закон.

### X. 1. Начин на поднесување на предлог за изрекување на ПМЗ до судот

За жал, жртвите, често и не знаат како може да поднесат предлог за изрекување на ПМЗ или истите не се во состојба, а судот не може да постапи без нивно барање. Жртвата на семејно насилство може да поднесе до судот предлог за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство непосредно или преку Центарот за социјална работа. Впрочем, слободно изразената волја на жртвата на семејно насилство е основа за поведување на постапката, независно дали тоа ќе го направи непосредно сама пред судот или постапката ќе се поведува преку Центарот за социјална работа (ЦСР).

## X.2. Добиени резултати од анализата

Според добиените резултати, дури три четвртини од поднесените предлози за изрекување на ПМЗ одат преку Центрите за социјална работа како овластена државна институција со значајни надлежности во делот на обезбедување на граѓанско правната заштита на жртвите на семејно насилство. Овој податок треба да се анализира со посебно внимание, односно предмет на посебна анализа треба да биде времето поминато од пријавувањето на случајот во ЦСР до поднесувањето на предлогот од страна на оваа институција до надлежниот суд. Секоја петта жртва на семејно насилство го поднела предлогот лично, т.е. преку законски застапник, додека многу мал дел од нив ја иницирале постапката преку адвокат, односно граѓанска организација. Според сознанијата добиени од фокус групата, оваа состојба се должи на тоа што жртвите не се запознаени со можноста за поднесување на предлог за изрекување на ПМЗ до судот.

Постапката пред судот по предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита е итна, односно судот е должен да закаже прво судско рочиште во рок од 7 дена од денот на приемот на уредно поднесениот предлог. Во ситуации кога има непосредна опасност и потреба од итна заштита, рочиштето се закажува во рок од три дена. Доколку има потреба од доуредување, судот го враќа предлогот до жртвата, која има рок од 8 дена да го доуреди и да го поднесе до судот. Земајќи ја предвид итноста на постапката, врз основа на приложените докази се очекува судот да донесе Решение по поднесениот предлог на првото закажано рочиште. Решението се носи во рок од 8 дена по одржувањето на последното судско рочиште за случајот.

Во поголемиот број случаи постапката била иницирана веднаш од страна на судот без предметот да биде вратен на доуредување на предлагачот. Во само 6% од иницираните постапки, предлогот бил вратен на уредување и тоа од различни причини: потреба за дополнување со докази, дообјаснување, неприложен доказ за платена судска такса и др.

Меѓутоа, високиот процент на предмети во кои предлогот бил уредно поднесен не значи дека за жртвите била обезбедена навремена заштита, доколку земеме предвид дека само во 46,7% од судските предмети бил испочитуван законскиот рок од 7 дена за

закажување на првото рочиште. Ситуацијата е поалармантна доколку земеме предвид дека имало и случаи каде што првото рочиште беше закажано и по истекот на 45 дена од поднесувањето на предлогот за изрекување на ПМЗ. Значајно е да се напомене дека со ваквото одолжување на судската постапка не се постигнува целта поради која се изрекуваат привремените мерки на заштита, а тоа е обезбедување на итна навремена заштита на жртвата на семејно насилство.

Причините за непочитување на законскиот рок и закажување на првото рочиште се идентични како и причините поради кои предлогот бил вратен на доуредување од страна на судот. Но, загрижува тоа што дел од наведените причини за незакажување на судско рочиште се од техничка природа и тие не смеат да претставуваат пречка за заштита на психичкиот и физичкиот интегритет на жртвата на семејно насилство, како на пр. идентификуваната практика кај дел од судовите да ги отфрлаат предлозите заради неприложен доказ за платена судска такса без да побараат доуредување на предлогот од страна на предлагачот. Ситуацијата дополнително е влошена со фактот дека секоја четврта жртва (што всушност изнесува 23,53%) во текот на постапката го повлекува предлогот за изрекување на ПМЗ. Како можни причини, кои може да ги наведеме, како придонес за повлекување на предлогот се тоа што жртвата се смирила со насилникот и ги средиле нивните меѓусебни односи, како и ситуацијата кога насилникот се поправил и се согласил доброволно да оди на лекување. Меѓутоа, според податоците добиени од набљудувачите, во дел од предметите предлогот бил повлечен по одложувањето на неколку рочишта, со што се добива впечатокот дека во овие предмети насилникот имал можност да изврши притисок за повлекување на предлогот.

Покрај тоа, итноста на постапката за изрекување на ПМЗ беше анализирана и преку бројот на одржани судски рочишта за секој од предметите. Во повеќе од половина од случаите постапката била започната и завршена со одржување на едно судско рочиште. Во секој петти судски предмет од ваков вид биле одржани две рочишта, додека во секој четврти предмет биле одржани три или повеќе судски рочишта. Но, особено загрижуваат поединечните случаи идентификувани со истражувањето во кои беа закажани повеќе од 5 судски рочишта за изрекување на ПМЗ. Во позитивна судска пракса се смета одржувањето на едно до две судски рочишта пред донесување на решение за изрекување на привремените

мерки за заштита, при што е почитуван законскиот рок за итност на постапката. Утврдена е негативна практика од одржување на три и повеќе судски рочишта, при што не е испочитуван законскиот рок за итност на постапката. На пр., предлогот во еден од судските предмети што беа предмет на анализа бил поднесен и во рок од три дена било закажано првото судско рочиште на кое судот во целост го усвоил предлогот. Пример за негативна практика е судски случај во кој биле одржани повеќе од пет судски рочишта и поминале повеќе од 30 дена за да донесе судот решение по предлогот. Притоа, на позитивни резултати наидуваме кај наодите од анализата, кои укажуваат на тоа дека судиите во голема мерка го почитуваат законски утврдениот рок од 8 дена за донесување на решение по одржувањето на последното закажано судско рочиште (92,4%).

### X.3. Видови на предложени и изречени привремени мерки за заштита

Со предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита, жртвата на семејно насилство, може да побара изрекување на една од мерките или повеќе мерки кумулативно во зависност од потребите за нејзина заштита. За изрекување на предложените мерки, судот пристапува кон изведување на доказите и оцена на фактичката состојба. По изведувањето на доказите и одржувањето на последното судско рочиште, судот донесува Решение со кое ги изрекува предложените привремени мерки за заштита. Времетраењето на изречените привремени мерки за заштита треба да е согласно времето за остварување на целта поради која биле изречени. Согласно со природата на претрпеното семејно насилство и ризикот од идно насилство, потребно е жртвата на семејно насилство да собере докази што ќе го потврдат претрпеното насилство и ќе го поткрепат изрекувањето на бараните мерки.

При поднесувањето на предлогот за изрекување на ПМЗ во најголема мера се бара изрекување на дел од мерките што се од забранувачки карактер, како и привремената мерка за заштита „задолжително лекување". Во секој втор предлог, кој бил поднесен до судот, било побарано изрекување на следниве привремени мерки за заштита: забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство; забрана да малтретира, вознемирува, телефонира,

контактира или на друг начин да комуницира; задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување. Големиот број на поднесени предлози со мерката задолжително лекување укажуваат на влијанието на одредени фактори врз ескалацијата на семејното насилство: алкохолот, дрогата и одредено заболување. Од друга страна, тоа може да е показател за тоа дека жртвите не сакаат да ја прекинат заедницата со насилникот, туку се одлучуваат за мерка за која веруваат дека ќе го промени неговото однесување. Процентот на индивидуално изречените привремени мерки за заштита е понизок од процентот на предложени мерки, како резултат на повлекувањето на предлозите од страна на жртвата, делумното прифаќање на предложените мерки, како и одбивањето на поднесените предлози од страна на судот.

На судењето се изведувани докази од различен вид, во зависност од привремените мерки за заштита чие изрекување било побарано од судот. Во ситуација кога предлагач е Центарот за социјална работа (ЦСР), поголемиот дел од доказите се прибавени од оваа институција: записник од ЦСР; наод и мислење од стручен тим; извештај за преземени дејства од ЦСР и др. Во зависност од природата на предложените мерки, пред судот биле изведувани докази од други институции вклучени во системот на заштита од семејно насилство: известување од Секторот за внатрешни работи до ЦСР за пријавено семејно насилство и преземени дејства; извештај од специјалист – супспецијалист; медицинска документација; фотографии; листа на повици од телефонските оператори и др. Специфичен доказ што може да биде прибавен само со барање од судот е списокот со повици од телефонскиот оператор што му е потребен на судот во ситуација кога насилникот насилството го сторил преку закана со јавување или праќање на пораки. На форумот на судии беше утврдена потребата овој доказ да се добие на барање на предлагачот пред поднесувањето на предлогот до судот.

## X.4. Времетраење на изречените мерки

Судската практика е различна кога станува збор за времето за кое се изрекуваат

привремените мерки за заштита од семејно насилство. Времетраењето на изречените мерки се движи од 3 месеци до 12 месеци. Карактеристично е тоа што во секој трет случај привремените мерки биле изречени за период од 6 месеци, односно во секој четврт судски случај биле изречени за период од 12 месеци. Во 22,4% од судските предмети, ПМЗ биле изречени за период од 3 месеци.

Број на табела: 1. Изречени мерки и времетраењето на истите по извршено семејно насилство

| Изречени мерки/ времетраење | 3 мес. | 4 мес. | 5 мес. | 6 мес. | 9 мес. | 12 мес. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство | 32,1 % | 3,6 % | 3,6 % | 28,6 % | / | 31,2 % |
| Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира | 35,7 % | 3,6 % | 3,6 % | 31,2 % | / | 25 % |
| Задолжително лекување доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување | 14,2 % | / | 7,2 % | 46,4 % | 3,6 % | 28,6 % |

Од оваа табела може да видиме дека времетраењето на изречените мерки почесто е на период од 3, 6 и 12 месеци, додека застапеноста на мерките е слична или речиси иста.

Исто така, паралелното водење на кривичната постапка против противникот може да се искористи при изведување на доказите во постапката за изрекување на привремени мерки

за заштита како доказ за постоењето и сериозноста на семејното насилство. Истовремено, тоа треба да претставува фактор кој ќе укаже на потребата за запазување на итноста на постапката и изрекување на предложените мерки во законски предвидениот рок.

### X.5. Заклучоци од спроведеното истражување и препораки

Потребно е промовирање на постапката за изрекувањето на привремените мерки за заштита од семејно насилство како механизам што жртвата може непосредно да го иницира за своја заштита од идно насилство и за справување со последиците од семејното насилство. Многу почесто, жртвите не знаат за мерките, па повеќето предлозите се поднесени од страна на Центарот за социјална работа.

Фактот дека многу предмети биле вратени или одбиени или пак било презакажано судското рочиште, поради неплатена судска такса е загрижувачки. Ова не смее да биде пречка во обезбедување на заштита на шртвата. , поради неплатена судска такса е загрижувачки. Ова не смее да биде пречка во обезбедување на заштита на шртвата. Од тие причини, потребно е усвојување на измени во законската регулатива за ослободување на жртвите на семејно насилство од плаќање на судски такси за поведување на судските постапки за нивна заштита.

Во предметите каде што жртвата непосредно го поднела предлогот за изрекување на ПМЗ до судот за спроведување на вештачење при изведување на докази потребно е предлагачот да плати дополнителни трошоци. Ова најчесто се однесува на судските предмети каде што со поднесениот предлог се бара изрекување на мерката „задолжително лекување", која впрочем била изречена во повеќе од една третина од предметите. Од голема корист би било, државата да формира наменски фонд за поддршка на жртвите што имаат поведено постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и со средствата од овој фонд да се поддржи прибирањето на потребните докази во постапката.

Потребно е усвојување на измени во законската регулатива со цел предлагачот во

постапката за изрекување на ПМЗ да може по сопствено барање да ја добие листата на повици од телефонскиот оператор, а не само по барање и одлука на судот.

Потребно е организирање на форуми помеѓу судиите за размена на искуство и прифаќање на позитивните практики од другите судови во граѓанските судски постапки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Со ова би се спречило одржувањето на повеќе од три рочишта за изрекување на предложени привремени меки за заштита и напротив би се употребила позитивната судска парктика.

Паралелното водење на кривична постапка против противникот во граѓанските судски постапки за заштита треба да се земе како валиден доказ за постоењето на семејното насилство и за неговата сериозност, односно изрекување на предложените привремени мерки за заштита со запазување на законските рокови за итност на постапката. Потребно е судовите да го земат предвид иницирањето на кривичната постапка како доказ при донесувањето на Решение за изрекување на привремените мерки за заштита. Впрочем, во најсериозните случаи на семејно насилство, најсоодветно жртвата може да се заштити преку паралелно активирање на граѓанско-правниот и кривично-правниот систем на заштита.

## XI. Семејно насилство во РМ по националните стратегии

За жал, голема промена по социјалното прашање за семејно насилство во РМ, не е забележана и по спроведените стратегии. Функционирањето на институциите, задолжено по ова прашање е сѐ уште на ниско ниво. Спроведените национални стратегии, иако допринесоа во некои сегменти, не ги дадоа посакуаните резултати. Покрај тоа, по истекување на втората национална стратегија 2012-2015 година, не е донесена нова. Причината за тоа најверојатно би била политичката и економската криза, која ја зафати РМ во последните 3 години, но жртвите на семејното насилство го немаат тоа време. Жртвите се преуштени сами на себе, без соодветна заштита, а оттука произлегува и самото премолчување на семејното насилство. Отсуството на ваква стратегија е особено критично поради тоа што преку стратегијата требаше да се предвидат конкретни чекори за унапредување на системот на заштита, но и да се направи конкретен буџетски план за нејзино спроведување.Секојдневно расте бројот на жртви на семејно насилство.

Покрај тоа иако на хартија постои " Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство" истиот во пракса не функционира во целост велат експертите. Мрежата "Пристап до правда" детектирала низа проблеми во неговото спроведување.

Број на табела: 2. Преглед за жртви на кривични дела во врска со семејно насилство за МВР на РМ за 2017година

| Кривични дела | ИЗВРШЕНИ КД | ЖРТВИ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ПОЛ | | РОДНИНСКИ ВРСКИ | | | | | | | | | | |
| | | | | | | ДЕЦА | | РОДИТЕЛИ | | | | Лица во вомбрачна заедница | | |
| | | МАЖИ | ЖЕНИ | СОПРУГ | СОПРУГА | СИН | ЌЕРКА | МАЈКА | ТАТКО | ПОРАНЕШНА СОПРУГА | ПОРАНЕШЕН СОПРУГ | маж | жена | останато |
| Убиство-член 123 став 2 | 2 | | 2 | | 1 | | | | | | | | | 1 |
| Убиство член 123 став 2 во врска со член 19 | 4 | 1 | 3 | | 1 | 1 | | 2 | | | | | | |
| Телесна повреда -130 став2 | 538 | 128 | 449 | 14 | 235 | 42 | 21 | 48 | 44 | 25 | 2 | 1 | 54 | 91 |
| Тешка телесна повреда член 131 став 2 | 16 | 5 | 11 | 1 | 6 | | | 1 | | | | | 2 | 6 |
| Присилба – член 139 став 2 | 6 | 1 | 5 | | | | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | 2 |
| Загрозување на сигурноста – член 144 став 2 | 333 | 81 | 283 | 7 | 147 | 18 | 7 | 47 | 40 | 37 | 3 | | 23 | 35 |
| Противправно лишување од слобода-член 140 став 2 | 4 | 1 | 3 | | 1 | | | | | | | | 1 | 2 |
| ВКУПНО | 903 | 217 | 756 | 22 | 391 | 61 | 29 | 99 | 85 | 62 | 5 | 1 | 81 | 137 |

Од оваа табела може да согледаме дека, жените се почесто жртви на семејно насилство, без разлика дали се наоѓаат во улога на мајка, сопруга, поранешна сопруга и слично. Најприсутен начин на извршување на семејно насилство е преку нанесување на телесна повреда, а веднаш зад тоа е загрозување на сигурноста, додека убиството е ретка појава.

Број на табела: 3. Преглед за извршени кривични дела и сторители во врска со семејно насилство за 2017 година

| Кривични дела | ИЗВРШЕНИ КД | СТОРИТЕЛИ | | | | | | | | | | | | | | | | Начин на извршување | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ПОЛ | | РОДНИНСКИ ВРСКИ | | | | | | | | | | | под дејство | | | | | | |
| | | | | | | ДЕЦА | | РОДИТЕЛИ | | | | Лица во вомбрачна заедница | | | | | | | | | |
| | | М | Ж | СОПРУГ | СОПРУГА | СИН | ЌЕРКА | МАЈКА | ТАТКО | ПОРАНЕШНА | ПОРАНЕШЕН | М | Ж | останато | алкохол | Дрога | Растројство | Со огнено оружје | Со ладно оружје | Со физ. Сила или закана | останато |
| иство-член 123 ів 2 | 2 | 2 | | 1 | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | 2 | | |
| иство член 123 ів 2 во врска со ен 19 | 4 | 4 | | 1 | | 2 | | | 1 | | | | | | | | | 2 | 1 | | 1 |
| лесна повреда - 0 став2 | 538 | 497 | 57 | 235 | 14 | 82 | 7 | 9 | 37 | 2 | 25 | 54 | 1 | 88 | 115 | 2 | 245 | 0 | 16 | 501 | 21 |
| шка телесна вреда член 131 ів 2 | 16 | 14 | 2 | 6 | 1 | | 1 | | | | | 2 | | 6 | | | 4 | | 2 | 12 | 2 |
| исилба – член 9 став 2 | 6 | 6 | | | | 2 | | | 1 | | | 1 | | 2 | | | 3 | | | 3 | 3 |
| грозување на гурноста – член 4 став 2 | 333 | 312 | 25 | 147 | 7 | 75 | 2 | 6 | 11 | 3 | 37 | 23 | | 26 | 73 | 7 | 169 | 3 | 22 | 240 | 68 |
| отивправно шување од ебода-член 140 ів 2 | 4 | 3 | 1 | 1 | | | | | | | | 1 | | 2 | | | 3 | | 1 | 2 | 1 |
| УПНО | 903 | 838 | 85 | 391 | 22 | 161 | 10 | 15 | 50 | 5 | 62 | 81 | 1 | 125 | 188 | 9 | 425 | 5 | 44 | 758 | 96 |

Оваа табела ни ги покажува сличните податоци, како табела број 2, само во обратен правец, односно во однос на сторител, каде што повторно се гледа дека мажот почесто се наоѓа во улогата на сторител на кривичното дело – семејно насилство.

## XII. Европска Унија и семејно насилство

Почнувајќи од темелите на Европската Унија, еден од водечките закони според кои таа се води е Европската конвенција за заштита на човековите права (1950), поточно член 14, а тоа е дека сите луѓе треба да ги уживаат правата и слободите признаени во оваа Конвенција, без дискриминација, без оглед на пол, раса, боја на кожа, јазик, религија, политичко или друго уверување, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, сопственост, род или друг статус. Протоколот број 12 (2000) кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи во член 1 содржи општа забрана на дискриминацијата за уживањето на секое право предвидено со закон во државите што го ратификувале овој Протокол. Со цел да се обезбеди почитување на обврските од Конвенцијата и нејзините протоколи, преземени од страна на државите, се основа Европскиот суд за човековите права (1959 год.). Во делот на семејното насилство, кое што подразбира и семејно насилство базирано на родовата рамноправност, Судот има донесено поголем број одлуки во кои има утврдено дека неефикасната заштита особено спрема жените од семејно насилство претставува повреда на правата и на слободите утврдени во Европската конвенција за човековите права, вклучително и на забраната на дискриминација.

Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жената и домашното насилство (Истанбулска конвенција) од 2011 година е прв меѓународно обврзувачки документ кој се фокусира на насилството врз жената и поставува меѓународни стандарди за превенција и заштита. Конвенцијата го утврдува „насилството врз жените“ како кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените, дефинирајќи го семејното насилство и друг вид на насилство како „родово засновано насилство врз жените", односно насилство насочено против жената затоа што е жена или кое несразмерно ја погодува. Во Конвенцијата се утврдени минимум условите што треба да ги обезбеди државата во делот на заштитата на жртвите, истите особено го опфаќаат правото на информирање за расположливи услуги за поддршка и правни мерки на јазик што го разбираат, правно и психосоцијално советување, финансиска помош, домување, образование, обука и помош при вработување. На жртвите од семејно насилство им се

гарантира правото на соодветни правни лекови против државните органи што не ја исполниле својата должност за преземање неопходни превентивни или заштитни мерки во рамките на своите овластувања и право да бараат обесштетување од сторителите за делата утврдени во согласност со оваа Конвенција. Жртвите имаат право и на правен совет и бесплатна правна помош, под условите утврдени со внатрешното право.

Ратификување на конвенцијата подразбира низа обврски за владите, за кои треба да превземат конкретни чекори за спречување на сите форми на насилство врз жените, како и преку форми на семејно насилство: од демнеење и сексуално вознемирување до домашно насилство, принуден брак и женска генитална мутилација. Притоа, правата на жените кои поминале низ насилство треба да се во центарот на сите мерки кои се спроведуваат по пат на ефективна соработка и координација со сите надлежни органи, институции и организации. Конвенцијата досега е ратификувана од 29 земји.

Конвенцијата е усвоена во Истанбул на 7 април 2011, а Македонија ја потпиша на 8 јули истата година и оттогаш документот чекаше шест години конечно да биде ратификуван, односно на 22.12.2017 година, со што ова прашање ќе добие на значење, а институциите би требало засилено ќе се борат против искоренување на насилството врз жените и домашното насилство, каде жртви во најголем процент се припадничките на понежниот пол

Европската Унија посветува особено внимание на заштитата од насилство, вклучително и семејното насилство. Еднаквост пред законот и принципот на недискриминација се гарантираат со Повелбата за фундаментални права на Европската Унија[7] Договорот за функционирање на Европската Унија[8]

Особено значајна е Директивата 2012/29/EU [9]која се утврдуваат минимум стандардите за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела, со што се опфатени и жртви на насилство, вклучително и семејно насилство.

---

7 https://mk.wikipedia.org/.../Повелба_за_фундаменталните_права,

8 https://mk.wikipedia.org/wiki/Договорите_на_Европската_унија.

9 http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2017/603272/EPRS_STU(2017)603272_EN.pdf

И државите од Европска Унија се на постојан ризик од семејно насилство. Како што напоменав погоре овој социјален проблем е далеку застапен и во државите, кои се економски појаки. Европската Унија, која брои 29 членки има повеќе договори, декларации, повелби, кои членките повеќето ги имаат ратификувано и се водат според нив, со цел заштита од семејно насилство. Покрај членките и други држави, како Македонија имаат ратификувано дел од овие договори.

Сепак, секоја држава има развиено сопствен систем за борба против семејното насилство и последиците, кои произлегуваат од истото.

Уште во 1990 година, направени се голем број на истражувања за насилство против децата и младината во земјите од Европа, како проблем за кој треба брзо да се најде решение. Повеќето од нив се фокусирани на сексуално насилство, сексуално вознемирување, насилство нанесено од страна на родителите, и насилство во училиштата. Направена е класификација по држави на застапеност на сите видови насилство врз децата од страна на нивните родители без разлика дали се работи за сексуално, физичко или психичко насилство. Од добиените резултати од истражувањата по државите е утврдено дека сексуална злоупотреба како семејно насилство врз децата е најмногу регистрирана во државите Австрија (1993), 8Финска (1994) и Франција 1989), Германија (1992), Норвешка ( 1994), Шпанија (1995), Романија (1999), Швајцарија (1994),ВеликаБританија(1985).[10]

Но, најголемата закана се јавува, во случаеви кога сторителот е граѓанин на ЕУ против жртва, која е од земјите, кои не се членки на ЕУ. Ако членот на семејството што потекнува на земја, која не е членка на ЕУ ја крши семејната врска за да избега од насилството и може да постои ризик од протерување. Затоа, жртвите некогаш остануваат покрај своите насилници поради страв од отстранување од земјата, што може да вклучува одвојување од нивните деца.

По ова може да видиме, дека и Европската Унија секојдневно се соочува со прашањето за семејно насилство, притоа барајќи одговори соодветни за сите земји-членки, како и за

10 Овој извештај е направен во координација со организацијата „Action on Human Rights Violations" (AHRV), помогнато и финансирано од страна на Европската Комисија проеект бр. 506348

соседните држави, а пред се зголемена соработка меѓу државите, со цел изготвување и исполнување на подобри стратегии.

## XIII. Германија во борба со семејното насилство

Во Германија и во Западна Европа, одговорите на семејното насилство беа обликувани од феминистичкото движење, кое го предизвика машкото насилство врз жените, а главната културна рамка се уште е онаа на родово-базирано насилство. Со исклучок на Шведска и Шпанија, конкретните закони се однесуваат на „семејно насилство", но почесто, како и во Германија, правната рамка е родово неутрална, додека услугите се родово специфични. Обединувањето на Источна и Западна Германија предизвика дебата за ограничувањата на пристапот на застапување на жената и потег кон реагирање на мултиагентност, засилен со проекти за федерално финансирање. Тие сега се во центарот на таканаречените „забрани за итни случаи" со кои полицијата бара од лицето кое предизвикува опасност да замине и да не се обидува да контактира во период од околу 2 недели, при што на жртвата и се нуди проактивна поддршка и може да поднесе барање за наредба за цивилна заштита. Полицијата сега генерално ги поддржува и ги евидентира сите случаи, но гонењето е генерално тешко во кодифицираните правни системи и не се смета за мерка што обезбедува заштита или безбедност. Иако семејното насилство е криминал од јавен интерес, огромното мнозинство на случаи се намалува поради недостаток на докази. Неодамнешните реформи имаат за цел да ги зајакнат службите за поддршка, да обезбедат посебна заштита за жртвите за време на кривичната постапка и да развијат пристапи базирани на заедницата.

Во 2016 година, федералната полиција, за прв пат објави национални податоци за семејното насилство во Германија. Информациите покажуваат дека убиствата, сексуалните престапи, телесното насилство и демнењето не се невообичаени помеѓу партнерите.

Според бројките на федералната криминалиа полиција (БКА), во 2015 година, вкупно 127.457 лица биле цел на убиство, телесни повреди, силување, сексуален напад, закани и демнеење, како резултат од семејно насилство. Осумдесет и два проценти, или повеќе од 104.000, се жени.

Меѓу жените, над 65.800 настрадале од телесни повреди, 11.400 имале тешки тесни повреде, 16.200 биле подложени на закани и речиси 8.000 биле жртви на демнеење. Триста триесет

и една жена биле убиени намерно или ненамерно од страна на нивните партнери.

Во случаите на силување и сексуален напад, скоро сите жртви биле жени. Според статистичките податоци над 90% од жртвите на демнеење и закани биле исто така жени.

При ослободување на овие податоци во јавноста, тогашната министерката за семејни прашања, Мануела Швесиг[11] изјави: „семејното насилство, врз жените, против мажите, против децата не е приватна работа, тоа е казниво дело и мора да се постапи соодветно. Насилството, кое се одвива во домовите во четири ѕида, на место каде што треба да се чувствуваме најсигурно, за жал, е сурова реалност за многумина. Ова треба да престане да биде табу тема. Овие бројки ни се потребни, бидејќи тие помагаат во видливоста на домашното насилство, тие исто така помагаат во изготвувањето на мерки за спречување и борба против семејното насилство".

Швесиг, исто така, ги повика жртвите да ја повикаат телефонската линија „Gewalt gegen Frauen" (Насилство против жени) на 08000116116. Број достапен 24-часа и истиот нуди бесплатни совети и заштита за жртвите на 15 јазици.

11 Министер за семејни прашања, постари граѓани, жени и млади во периодот од 17 декември 2013 до 2 Јуни 2017

## XIV. Статистички податоци во Германија

Секоја четврта жена најмалку еднаш во својот живот доживеала физичко или сексуално насилство. Притоа, засегнати се жени од сите општествени класи. Ефективната акција против семејното насилство бара соработка на сите одговорни државните, како и од недржавните институции (невладини организации и сл).

Жртви на семејно насилство, особено од интимен партнерски однос се 80% жени. Повеќе од 51% од нив живееле во заедничко домаќинство со осомничениот. Ова го покажува моменталната статистика на полицијата. Според тоа, во 2016 година биле регистрирани 133.080 лица кои станале жртви на семејно насилство помеѓу интимни партнери. Скоро 109.000 жртви биле жени.

Вкупно 133.080 луѓе доживеале насилство во изминатата година, а најчесто од страна на партнер или поранешен партнер и истото го пријавиле во полиција. Полицијата ја даде следната статистика:

-телесна повреда: над 69.700

-закани: над 16.700

-тешка (опасна) телесна повреда: околу 11.900

-демнеење: над 7.600

-убиство и нанесени повреди со смртни последици: 357

Кај случаите со силување и сексуална принуда, жртвите се речиси 100% жени, слично е и кај демнеењето и заканите, каде жртвите се 90% жени. Кај телесните повреди, но и кај убиствата бројката на жените е повторно во предност со 81%. Од 2012 година, постојано се зголемува бројот на жртви на семејното насилство помеѓу интимни партнери.

Во 2004 година, беше објавена студијата „Животот, безбедноста и здравјето на жените во Германија", која беше така дизајнирана да може да се откријат најдобро постоечките темни полиња. Според оваа студија, околу 25 проценти од жените на возраст помеѓу 16 и 85

години имале најмалку барем физичко и / или сексуално насилство, најчесто од страна на партнерот барем еднаш во својот живот. Сличен резултат за Германија е објавен и во март 2014 година од страна на Европската агенција за фундаментални права за степенот на насилство врз жените во Европа.

Притоа, истражувањето покажа дека физичките напади се широк спектар на различни сериозни насилни дејства. Нападите се движат од лути буткања и шлаканици до удирање со предмети, тепање и употреба на оружје. Информации за сексуален напад се базираат на тесната дефиниција за принуден сексуален однос, кое всушност претставува силување и сексуален напад. Две третини од жените погодени од семејно насилство претрпеле телесни или тешки телесни физички и / или сексуални насилства.

Резултатите од истражувањата покажаа дека семејното насилство е присутно во сите општествени класи. Жртвите не се изложени на насилство само во сиромашните области како и силувани, злоупотребувани или понижени. „Насилството врз жените во интимни односи", студија, која беше објавена во 2009 година, покажува дека и жените од средните и високите образовни и социјални слоеви се жртви на насилство.

Статистиките покажуваат јасна слика и поставуваат цел за борба против семејното насилство, при што да се развијат ефективни мерки, а тоа бара тесна соработка на сите одговорни владини институции и невладини институции или имаат социјална одговорност за тоа.

Број на табела: 4 Статистистички податоци за семејно насилство во Германија за 2016 година

| ДЕЛА | | | | ВКУПНО ЖРТВИ | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **убиство** | | во обид | | 278 | 70 | 208 |
| | | Завршени | | 163 | 14 | 149 |
| | | Вкупно | | 441 | 84 | 357 |
| **телесни повреди** | | во обид | | 2143 | 856 | 1287 |
| | | Завршени | | 14585 | 3990 | 10595 |
| | | Вкупно | | 16728 | 4846 | 11882 |
| **тешки телесни повреди** | | во обид | | 12 | 4 | 8 |
| | | Завршени | | 57 | 11 | 46 |
| | | Вкупно | | 69 | 15 | 54 |
| **повреди на тело со смртни последици** | | Завршени | | 8 | 2 | 6 |
| | | Вкупно | | 8 | 2 | 6 |
| **силување - присилен сексуален однос** | | во обид | | 304 | 4 | 300 |
| | | Завршени | | 2263 | 32 | 2231 |
| | | Вкупно | | 2567 | 36 | 2531 |
| **Закани** | | Завршени | | 18678 | 1952 | 16753 |
| | | Вкупно | | 18678 | 1952 | 16753 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **демнеење (следење)** | | Завршени | | 8525 | 882 | 7643 |
| | | Вкупно | | 8525 | 882 | 7643 |

Од табелата можеме да го видиме бројот на жртви според пол, притоа може да забележиме дека и во Германија, како и во РМ, бројот на жртви жени е поголем од бројот на жртви мажи. Исто така ги покажува начините на извршеното семејно насилство, како и бројката на делата во обид и завршените. Според податоците заканата е најмногу застапена, а на второ и трето место се телесната повреда и демнеењето.

## XV. Стратегии против семејното насилство во Германија

Проектите за интервенција доведоа до промена на перспективата во дискусијата за семејното насилство и се развија нови стратегии за интервенција ориентирани кон прекршителите. „Кој удира, тој си оди!" стана слоганот на измените во државната интервенција. Воведувањето на Законот за заштита од насилство од 2002 година и постепеното проширување на речиси сите полициски закони во покраините на Германија, со цел вклучување на полицискиот орган во протерувањето на сторителот од домот, ги одразуваат овие промени. Повеќе не се очекува од жртвите едноставно да го прифатат губењето на нивниот дом и околина. Додека на сторителите од страна на државата им се дава до знаење, дека насилството нема да се толерира, туку е казнувано.

Секојдневното домашно насилство, особено истакнато врз жените во Германија се појави како тема на дискусија во јавноста од 1975 година, година прогласена како Меѓународна година на жените. Дотогаш зборувањето за домашното насилство или насилство врз жените беше табу тема. Насилство извршено од страна на партнерот, неговиот степен, позадината и неговите последици дотогаш остана во мракот. Со слоганот „Што е приватно е политичко", домашно насилството беше донесено во јавноста и се повеќе лишено од својот табу статус. Сојузната влада многу брзо се осврнува на темата во согласност со својата надлежност и го промовираше овој процес на отстранување на табуата, како и запознавање на популацијата со овој проблем преку пилот проекти, научни студии, законодавство и работа со јавноста. На 1 ноември 1976 година, во Берлин е основано првото германско засолниште за жени пилот проект од страна на Сојузната влада и Сенатот во Берлин, проследено од „Засолништето за жени Рендсбург" како модел за руралните средини. Во почетните фази, засолништата zа жените и општо жртвите од семејното насилство беа главни теми, што всушност значеше дека, Федералната влада ги финансираше засолништата и покрај тоа истата објави серија студии, материјали за понатамошна обука и публикации на оваа област, се составуваа извештаи и разработени предлози за финансирање на засолништа. Повеќе проекти за работа со сторители  интервенција во случај на криза беа извршени.

Покрај повикот за семејното насилство и другите форми на насилство привлекоа внимание

во осумдесеттите години на минатиот век. Во деведесеттите земаа замав сексуалното насилство врз жените и нивните искуства како сведоци во обиди за силување, сексуално злоупотреба на девојчиња и момчиња, сексуално вознемирување на работното место, проституција и трговијата со луѓе-жени, насилството врз постарите, странци или хендикепираните жени.

На секоја од овие нови области беше ставено акцент и беше опфатена со помош на пилот проекти или студии иницирани од страна на Федерална влада. Наодите произлезени од овие студии и пилот-проекти доведоа до законски измени, особено во областа на казненото право, во корист на жртвата на насилството. Од една страна може да се каже дека мерките преземени досега од страна на Федералната влада влијаеле на поединечни области (на пример, семејно насилство, сексуално вознемирување на работното место, сексуални престапи и слично) и можеше да се постигне подобрувања во одредени аспекти на тие подрачја. Но, темите и проектите често стигаа до јавната расправа и не следеа никакви понатамошни стратегии. Ова може да биде една од причините зошто досега малку се променило во однос на реалноста на семејното насилство.

# XVI. Методи на превенција

## XVI.1. Запознавање со ризикот на млади години

Кај методите на превенција може постојано да има новитети. Не се едни и постојани, напротив преку резултатите се доаѓа до нови и поефикасни. Социјалните работници сметаат дека зборувањето со децата и младите е исто така централна точка на работата, што ќе им вгради на младите познавање и ќе им го прикаже ризикот од семејно насилство. Тие сметаат дека е од голема корист да се почне од мала возраст со обука на оваа проблематика, со што можеби и би ги потикнале поединци да проговорат за истото, доколку се сведоци или жртви на семејното насилство. Разговорите и обуките ги спроведува Сојузниот центар за здравствена едукација. Пристапот базиран на комуникација, кој претставува основа на мерките што ги спроведува оваа организација ги вклучува и пренесувањето на информациите, како и на зајакнување на самопочитта, лична одговорност и вештини за управување со конфликти. Практикување како да се однесуваат во конфликтни ситуации се теми кои се интегрирани во сите рамки на програмите на Сојузниот центар за здравствена едукација и во сите мерки за млади луѓе.

Покрај тоа, се спроведуваат неколку практични пилот-проекти за родово-специфично сексуално образование, со цел да им се даде можност на младите луѓе да се осврнат на прашањата како што се сексот и насилството. Теми како што се непочитувањето на границите, насилството, искуството на злоупотреба и контекстот во кој тие се случуваат претставуваат дел од истражувачките проекти, стручни мислења и публикации во оваа област. Во 2000 година, се оддржа конференција за сексуално образование и насилство и една од нејзините работилници ќе биде посветена меѓу другото, на дискусија за нови методи во областа на превенцијата од семејно насилство.

Покрај тоа, Сојузниот центар го финансираше пилот проектот "Работење заедно како партнери - усовршување професионален и семеен живот и однесувањето ориентирано кон партнерство "  и од овој проект, се развива сеопфатна помош за професионална обука и

понатамошна обука во која, меѓу другото, се градат блокови на теми како што се улогите на жените и мажите, еднаквоста, дискриминација, конфликт.

Училишниот образовен систем, со свои специфични можности во однос на спречување на насилство, исто така мора да даде придонес. Владата соработува со министерствата, како и невладиниторганизации и како резултат на оваа соработка, голем број на училишни проекти кои беа во можност да ги идентификуваат пристапите и можните решенија во областа на превенцијата на семејното насилството беа спроведени во последниве години. Истите беа финансирани од Заедничката комисија на Сојузната влада и министерството за образовние.

Воспоставувањето на правото на секое дете на ненасилно воспитание во Граѓанскиот законик не е само мерка за заштита на детето, на тоа се гледа, исто така, како превентивна мерка чија цел е да се спречи насилството. Околу 60% од интервјуирани жени пријавиле дека имало насилство вклучени во нивниот последен однос, исто така, посочија дека имало деца, кои живееле со нив во овој однос. Вкупно 57% од овие жени посочија дека децата слушнале насилни ситуации,а 50% изјавиле дека децата виделе насилство. Околу 21% до 25% укажаа дека децата се вклучиле, односно се обиделе да ги бранат интервјуираните жени. Еден од десет од овие деца исто така биле физички нападнати. Научните студии докажуваат дека, децата, кои биле тепани или малтретирани имаат поголема тенденција да станат насилни самите подоцна во животот и тоа два до три пати почесто од децата, кои растеле и биле воспитувани без насилство во домот. Законодавна иницијатива за елиминација на насилството во воспитувањето на децата се обидува да го искористи ова како почетна точка и да ги натера родителите да бидат свесни за тоа дека „циклусот на насилство" може да се прекине со соодветни мерки за воспитување на децата. Целта е да се помогне да се спречи бранот на деликвенција кај децата и младите луѓе.

## XVI.2. Владата во соработка со други институции во борба со семејното насилство

Во врска со борбата против семејното насилство, Сојузната влада составува група од претставници на Сојузната влада и преставници од министерствата чии области се погодени, експерти, како и претставници од невладини организации експертските конференции на федералните држави, како и невладините организации. Работната група треба да се согласи за конкетна побарувачка за акција и да одлучи за потребните меркии надзор за нивно спроведување. Веќе неколку години, различни интервенциски проекти против семејното насилство се спровеле во Германија и тие успеале да ги институционализираат соодветните напори за соработка на локално и / или ниво на државата. Многу често овие проекти завршуваат успешно, но Владата е свесна дека многу од семејното насилство останува поради затворени врати. Стравот на жртвите да се пријави е секојдневно многу присутен и додека полицијата има удел, сепак повредата останува работа на приватна тужба.

За заштита на жртвите на насилство, особено жени и деца, од понатамошно насилство, исто така, од страна на полицијата во поединечни случаи на сторителот може да му се нареди да не влезе повторно во домот, каде што моментално престојува жртвата, да се воздржи од следење на жртвата на нејзиното работно место, за време на посетите на канцеларии на јавни органи, во училиште, каде учат нивните деца, доколку ги имаат или на друго место и да се воздржи од воспоставување на контакт. Посебно внимание се обрнува на тоа ваквите заштитни ограничувачки наредби да се имплементираат брзо и да бидат ефикасни во пракса.

За ефективната стратегија за борба против семејното насилство потребно е постојана соработката на: полицијата, системот на кривично право, граѓански и семејни судови, правници, комесари за еднакви можности, младински канцеларии, комесари за странски работи, установи кои обезбедуваат поддршка за жртвите.

### XVI.3. Работа со сторителите

До сега, најчесто жртвите мораа да го носат негативното влијание и последици од семејното насилство, како и реакциите на општеството, за што и најчесто не е пријавувано. А општеството почесто се фокусрање само на жените и децата како жртви, дека тие мора да бидат заштитени. Како решение се гледаше на: засолништа за жени, кризни телефонски линии и женски советодавни центри.

Од друга страна, сторителите ретко се соочувале со реакциите и санкциите од самото општество или превземале одговорност за своите дела. Додека државата сè уште продолжува да ги третира помалку како сторители, отколку како учесници во приватен семеен конфликт.

Многу малку од сторителите побарале сами иницијативно советување. Повеќето од нив не гледаат причина активно да работат на своето насилничко однесување или да побараат надворешна помош. Искуството од изминатите 20 години покажа дека воспоставувањето мрежа на засолништа за жртви и советодавните центри не се доволни за елиминирање на насилството врз жените. Денес, постои растечката убеденост дека е потребна сериозна промена во начинот на постапување со сторителите. Новиот начин на справување со сторителите подразбира, меѓу другото, дека државата треба да ги третира сторителите како криминалци односно, тие мора да бидат подложени на прелиминарни истраги од страна на јавниот обвинител, а тие мора да доведат до реакција од страна на државата. Во обласата на граѓанското право, мора да се преземат чекори за да се обезбеди дека погодените жртви, особено жените се доволно заштитени од престапниците.

Ова може да се постигне во рамките на постојните закони за заштита на жртвите од семејно насилство и оние кои се во тек, со соодветна насочена соработка на сите центри (кои ќе бидат или биле обучени соодветно однапред).

Исто така, се бара, самиот сторител да иницира процес кој има за цел да го смени своето насилно однесување. Ако ова не се случи, може да се очекува дека кривичните казни (парични казни, затворски казни) сами ќе можат да предизвикаат какви било промени во однесувањето на поединецот.

Законот во моментот веќе им дава можност на судовите да изречат условна осуда во комбинација со задолжително учество во курс за социјална обука. Учеството во таков курс може да му даде на сторителот можност да развие свест за проблемот, свесност за правото и погрешно, шанса да научат да сочувствуваат со жртвата и да послужат како охрабрување сторителот да ги искористи предностите на другите услуги што ги нудат советувалиштата.

### XVI.4. Подигање на свеста на општествено и институционално ниво

Како најважен чекор може и да се вметне, зголемување на свеста кај населението, во кое треба да помогнат секојдневните проекти и стратегии. Зголемување на свеста, пред се ќе допринесе во тоа, жртвата да биде прифатена до општеството, наместо осудувана, со што истата ќе има повеќе храброст да се соочи со насилството и да се ослободи од истото. Многу пати семејното насилство е премолчено, ткму од оваа причина, со што насилникот е само охрабрен. Токму стратегиите на институциите треба да помогнат во ова, а најчесто преку медиумите, рекламен материјал, јавни трибини, кратки обуки на работните места за запознавање со ризикот и каде може да се побара помош, а сега и со предавања во училиштата.

Но, од голема важност е свеста за проблемот и како да се постапи да постои кај луѓето, кои работат со истото, односно, најчесто: полицијата, социјалните работници, експертите од невладините организации и сл., со цел да можат коректно и навремено да реагираат, како и да можат да го шират своето познавање за проблемот и можните солуции. Да ги запознаат граѓаните и да ги информираат за можните последици од семејно насилство, со што граѓаните би биле свесни за ризикот од нереагирање при сведочење на семејно насилство или доколку се наоѓа во улога на жртва. Една единка не би имала двоумење околу пријавување на семејно насилство, доколку истата не мисли дека била отфрлена, посрамена или осудувана од општеството. Напротв, доколку истата смета на поддршка од општеството, многу од случаевите не би останале позади затворени врати.

Во Германија, Владата се има погрижено луѓето, кои работат со семејно наилство постојано да се надградуваат. Зголемување на свеста кај професионалците може преку: понатамошна

обука, обука и упатства за заштитата на жртвите од насилство. Заштитата на жртвите од насилство и доследното гонење на престапниците може да биде постигнато само ако во надлежните институции и организации:

- политичката волја постои за да ги следи овие цели конзистентно со сите ресурси, кои им се на располагање;

- подготвеноста постои за соработка меѓу себе на таков начин што овие цели се постигнуваат;

- лицата кои ги спроведуваат потребните мерки во практика се обучуваат на наменски начин за да им биде овозможено да ги преземат чекорите кои се сметаат за потребни;

Дури и најдобрите закони нема да водат никаде ако не се применуваат конзистентно во духот што го предвидува законодавецот. Покрај тоа, тие не се можни ако одговорните лица за нивно спроведување не се доволно свесни:

- тие мора да бидат информирани за ситуацијата во која се наоѓаат засегнатите жртви и нејзините/неговите деца, доколку ги има;

- тие мора да бидат поучени за тоа како да ги применуваат и да ги користат законите и нивните овластувања за дискреција во корист на засегнатите жртви (на пример, корисно е членовите на полицијата да имаат јасни инструкции од нивните претпоставени);

- тие исто така мора да бидат свесни за границите на нивните професионални можности за делување и влијание на ситуацијата во даден случај;

Искуството покажа дека таквата обука и мерките за понатамошна обука можат да бидат најефективни имплементирани доколку експертите од индивидуалните институции соработуваат со претставници од невладините организации, кои нудат помош.

Доколку е потребно, погоре наведеното ќе мора да биде дополнето со посебни упатства за како да дејствува во одредени ситуации, така што лицето што се имплементира може да се чувствува посигурно за тоа како да се справи со ситуациите со кои се соочуваа.

Во 2001 година, започнаа семинари таканаречени „тренирај го тренерот", кои всушност беа дополнителна обука на веќе професионалци, кои работат со оваа проблематика, кои

подоцна и биле на располагање на полицијата и останатите институции.

### XVI.5. Шелтер центри и СОС-линии

Во Германија, голема е распростанетоста на шелтер-центрите за жртви од семејно насилство, какои СОС-линиите, кои се достапни 24 часа, секој ден од неделата. Шелтер-центрите се отворени за жртви од секаков тип на семејно насилство и нудат заштита не само на жртвата, туку и на децата, доколку истата ги има. Службените лица, кои ги сместуваат жртвите во шелтер-центрите, работат со дискреција и откако жртвата е сместена, новиот дом останува тајна. Шелтер-центрите се и добро скриени, што подразбира дека нивната локација е позната само од персоналот и околните жители.

Федералната министерка за семејни прашања на Германија, Кристина Шредер [12] од Христијанско-демократската унија, за време на својот мандант отвори нова телефонска линија. Жените погодени од сексуално или семејно насилство може да се јават на телефонската линија, која е достапна со 24 часа / 7 дена во неделата. „Ние нудиме нов почеток, бесплатна услуга, која е достапна во секое време, насекаде", изјави Шредер во интервјуто за весникот „Лајпцигер Воксзеитунг". При јавување на телефонската линија, операторите им нудат на жртвите моментална заштита.

Друга линија, преку која жртвите може да добијат помош е интернет-форумот „gewaltlos.de", им нуди жените и девојките на кои им е потребна помош, едноставно да се логираат во службата за разговор анонимно и директно да се обраќаат на советниците. „За повеќето млади жени, тешко е да се претставаат искуства од злоупотреба и малтретирање во зборови. Но, тоа е местото каде што форматот за разговор се покажа корисен"- вели ко-основачот Ангелика Виденау. „Едноставно е полесно да ги напишете вашите проблеми",

12 Сојузен министер за семејни прашања, постари граѓани, жени и млади од 30 Ноември 2009 до 17 Декември 2013

изјави таа за Дојче Веле. [13]„Покрај тоа, вие не мора веднаш да одговорите и да одвоите време да размислувате за проблемите."-додаде Ангелика Виденау. Сепак, целта на „gewaltlos.de" линија е да им обезбеди на жените контакт со лице од реалниот живот.

## XVII. Семејно насилство во Хрватска

Семејното насилство е вообичаено во Република Хрватска, дефинирано со кривичниот и прекршочниот закон. Не постои јасна граница меѓу прекршокот и кривичниот третман, во врска со насилството што води до правна несигурност и несоодветна заштита на жртвите на насилство. На меѓународно ниво, за прашањето на семејно насилство врз жените, на Хрватска и се придружуваат Обединетите нации, Европската унија и Советот на Европа. Неопходно е да се преземат решенијата од постоечките конвенции со цел систематски да се регулираат нормите на семејно насилство на национално ниво. Протоколот за третман на семејно насилство вклучува голем број национални институции: полицијата, здравствените установи и центрите за социјална работа. Нивната хармонизирана активност е потребна за да и обезбеди на жртвата соодветна заштита.

Хрватска, како нова членка на Европската Унија, пробува да биде во чекор со државите од истата, во врска со справувањето со семејно насилство. Проблемите на семејното насилство се секојдневно присутни во општеството во Хрватска, а и подеднакво маргинализирани. Во согласност со трендовите во претходните времиња, проблемот на семејното насилство беше потиснат и заобиколен, се минимизираше неговата важност, се сметаше за семејна интимност или она што се случува „во четири ѕида" на секое семејство. Но, денес постои сè поголема свест за целосна промена на перцепцијата за сериозноста на овој проблем и потребата за интервенција во сите општествени сфери. Семејното насилство започнува да се смета за јавна афера и реакција на социјалниот договор.

---

13 Дојче Веле или ДВ е германски јавен медиум, чија услугата е достапна на 30 јазици

Во Република Хрватска иако постои свест за овој проблем, традиционалното општество и почитување на „испревртените" семејните вредности, не се погодни за ефикасно сузбивање на семејното насилство. Потребен е соодветен пристап на сите нивоа од страна на институциите, вклучувајќи ги и сите аспекти на помош за жртвите на насилство.

Во случај на семејно насилство, постои верижна реакција на бројни институции. По најава полициските власти интервенираат и често има потреба од соодветна здравствена заштита, а потоа се вклучени прекршочни или кривични судови. Кога се изрекува казна затвор, таа се спроведува во затворскиот систем. Можните заштитни и безбедносни мерки ги спроведува полицијата, вклучувајќи ги Центрите за социјална работа и психолозите. Заштитата на жртвите, исто така, обезбедуваат шелтер центрите. Во понатамошните фази на заштитата на правата на жртвите на насилство, исто така, се јавува и правобранител и родова еднаквост.

За жал, хрватската практика укажува на многуте недостатоци што се јавуваат во сите фази при третманот на семејно насилство, на кои сè уште треба да се работи.

## XVIII. Правна рамка за заштита од семејно насилство

Амандманите или предлозите за нови закони со кои се пропишува областа на заштита од семејно насилство во претходниот период имаше за цел воведување на одредби со цел подобра и поефикасна заштита на жртвите на семејно насилство.

На пример, Законот за семејство со одредби за заштита на жртвите на семејно насилство, со посебен акцент на заштита на децата, пропишува и не спроведува медијација во случаи каде семејното насилство не е можно со еднакво учество на брачните другари.

Кривичниот законик, кој стапи во сила на 1 јануари 2013 година, воведе нов концепт за заштита на кривичното право против семејно насилство преку пропишување на квалификувани форми на индивидуални кривични дела кога се извршени против блиско лице во кое се вклучени членови на семејството и поранешен брачен другар или вонбрачна или истополови партнери, како и лица кои живеат во заедничко домаќинство. Така, квалификувана форма на кривично дело е пропишана за тешки убиства, малтретирање, женски сексуални органи, телесни повреди, тешки телесни повреди, особено тешки телесни повреди, тешки телесни повреди кои произлегуваат од смрт, тешка телесна повреда од уништување, незаконско ускратување на слободата, киднапирање, присилба, закани, импулсивно однесување, сериозни кривични дела против сексуалната слобода, дела на непристојност, сексуална злоупотреба на дете на возраст над 15 години, злоставување на дете на возраст под 15 години, сериозни кривични дела за сексуална злоупотреба и експлоатација на детето, оставајќи во сериозна положба блиско лице, старателство, киднапирање деца, кршење на детски права, хомосексуалност, злоупотреба на доверба. Поради потребите на практиката и обезбедување на потреба од санкционирање на сите форми на семејно насилство во 2015 година, во Кривичниот законик покрај постоечкиот кривичен закон е предвидено и кривичното дело Насилство во семејството (член 179а), извршено од лице кое ги повредува прописите за заштита од насилство во семејството, притоа член на семејството или блиска особа предизвикува страв за нејзината безбедност или безбедноста на нејзини близок роднина или е доведен во понижувачка положба и на тој начин не изврши потежок прекршок, ќе се казни со затвор за период не подолг од три години. Овој прекршок ги опфаќа потешките форми на семејно насилство кои не се

опфатени со низа кривични дела.

За разлика од сегашното законско решение, новиот закон се откажува од листата на одредени модалитети на секоја пропишана форма на насилство и се избегнува можното преклопување на кривичното дело од Кривичниот законик и прекршоци од Законот за заштита од семејно насилство. Ваквото решение овозможува јасно разграничување на кривичното дело од прекршок, бидејќи постои повисока санкција за постоење на кривично дело на семејно насилство, кое претпоставува кумулативно исполнување на следните претпоставки: сериозно прекршување на правилата за заштита од семејно насилство (т.е. Законот за заштита од насилство во семејства) и предизвикување потешки последици (предизвикувајќи страв за безбедноста на член на семејството или близок роднина или доведување во понижувачка положба). Во кругот на лица кои се опфатени со овој закон спаѓаат и оние лица, кои како членови на семејството или блиски лица се помагачи или соучесници во извршување на кривични дела поврзани со семејно насилство (кривични дела за семејно насилство, телесни повреди, тешки телесни повреди, закани). Таквата дефиниција е во согласност со дефиницијата за семејно насилство во Конвенцијата во врска со „насилството на интимни партнери меѓу постојните или поранешните сопружници или партнери и меѓугенерациското насилство кое најчесто се среќава меѓу родителите и децата". Затоа, и пошироко од условот на Конвенцијата, овој Закон ги штити сите лица кои се во брак или кои се невенчани, но исто така и лица, кои се поврзани со тоа што имаат заедничко дете, иако не биле во статус на брачни, вонбрачни партнери како и оние кои, иако не во сличен однос, живеат во заедничко домаќинство.

Поради подобрувањето на постоечката состојба во областа на заштита од семејно насилство, во претходниот период беа направени измени на неколку законски одредби или измени на законот, но во наредниот период останува предизвикот да се развијат дополнителни регулативи и да се усогласат со барањата на меѓународните документи, како што се Конвенцијата за човекови права Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација, особено врз жените , а особено Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство.

При што со горенаведеното би се постигнале следните цели:

-да се обезбеди доследна примена на одредбите од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство

-усогласување на законодавството во областа на заштитата од семејно насилство 2во согласност со барањата на меѓународните документи, особено Конвенцијата на С2оветот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство

-обезбеди систематска примена на закони и други прописи од областа на заштита од семејно насилство

При воведување на нови членови во делот на заштита од семејно насилство, стандардите и обврските што ги наметна Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и насилството во семејството се земени предвид при изготвувањето на новиот Закон за заштита на семејството.

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство веќе ги признава и ги осудува сите форми на насилство врз жените и семејното насилство во самата Преамбула и во оперативниот дел и ја нагласува потребата за создавање на Европа без насилство врз жените и семејното насилство. За таа цел, таа ја нагласува силната врска помеѓу постигнувањето на родовата еднаквост, искоренувањето на насилството врз жените и семејното насилство. Преносот на правата на жртвите од Директивата за права на жртвите во националното законодавство има за цел, меѓу другото, да се постигне соодветен пристап кон жртвата на насилство, со цел да се спречи нејзината секундарна виктимизација, соодветни информации за правата на жртвата и грижата на надлежните органи за правата на жртвите во процесните акти. Со транспонирање на Директивата во национално законодавство, дефиницијата за жртва гласи: жртва е личност, која поради извршување на семејно насилство, страда од физички или психолошки последици, имотна штета или значително нарушување на основните права и слободи.

Законот ги наведува правата на жртвите, кои гласат:

-истата да има пристап до услуги за поддршка при семејно насилство;

-ефективна психолошка и друга професионална помош и поддршка на органи, организации или институции за помош на жртвите на семејно насилство;

-заштита од заплашување и одмазда;

-заштита на достоинството при испитувањето на жртвата како сведок;

-придружба на лице со доверба во преземањето на дејствија во кои учествува;

-без непотребно одлагање, да се советува за отстранување или при бегството на обвинетиот, да се воведат заштитни мерки и или по потреба укинување на мерките на претпазливост кои се изречени заради заштита;

-доверливост на податоци чие откривање би можело да ја загрози нејзината безбедност или безбедноста на членовите на семејството и другите лица на кои се применува овој закон и правото да бараат исклучување на јавноста од главната расправа;

-правото да бара сослушување во полиција, притоа полицискиот службеник да е од ист пол како жртвата;

-избегнување контакт со сторителот пред и за време на постапката;

-привремено сместување во соодветна институција во согласност со посебен закон;

-да бидат информирани за преземените дејства по жалбата и исходот на постапката и други права;

## XIX. Компатибилност на хрватското законодавство со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство

Во април, годинава (2018 год.) Хрватска ја ратификуваше Истанбулската конвенција. За усвојување на документот гласаа 110 пратеници, 2 беа воздржани, а 30 против.

Целта на Истанбулската конвенција, нагласува Влада, е спречување на насилство над жените и насилство во семејството, кое според податоците на полицијата, помеѓу 2013 и 2017 година во Хрватска е доста застапено. Бројката на убиства при насилство во овие 4 години изнесува 195.

Владата истакна дека со нејзино ратификување, ќе се зајакне правната, институционалната и финансиската рамка за борба против неприфатливо и општествено навредливо насилството врз жените и семејното насилство.

Важно е да се нагласи дека истото е и прввиот меѓународен договор кој ја содржи родовата дефиниција, што значи дека, жените и мажите не се само биолошки женски или машки, туку постојат социјално родова категорија која им дава на жените и мажите свои специфични улоги и однесувања.

## XX. Хрватска во соработка со Европа против дискримацијата како причинител за семејно насилство

Република Хрватска е членка на многу меѓународни правни инструменти, како Обединетите нации и Советот на Европа со кои во областа на заштитата од семејно насилство, заедно со националното законодавство и стратешките документи претставуваат правна рамка за заштита жртви на семејно насилство и насилство врз жените.

Генералното собрание на ОН ја усвои Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација (во натамошниот текст: „CEDAW")[14], кој стапи на сила на 3 септември 1981 година како глобален и сеопфатен правен обврзувачки меѓународен договор. До денес „CEDAW" е прифатен во повеќе од 90% од земјите-членки на ОН, вклучувајќи ја и Република Хрватска. „CEDAW" е правно обврзувачки инструмент за земјите потписнички кои имаат воспоставено меѓународен надзорен механизам. Покрај тоа има и „Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација против жените" (во понатамошниот текст „Комитет"), чиј одбор се состои од 23 члена, опишани како експерти за нивното искуство и експертиза во женските прашања. Членовите се номинирани од нивните национални влади и се избираат преку тајно гласање од страна на држави членки на конвенцијата. По победата на изборите и преземањето на нивните одговорности, членовите на комисијата ја повторуваат следнава изјава, позната како свечена изјава: „Свечено изјавувам дека ќе ги извршувам моите должности и ќе ги извршувам овластувањата како член на Комитетот за елиминација на дискриминацијата против Жените чесно, верно, непристрасно и совесно." Членовите доаѓаат од широк спектар на професии, вклучувајќи лекари, адвокати, дипломати и едукатори, кои обезбедуваат разни гледишта на Комитетот поради нивната разновидност. Многу членови продолжуваат да работат со полно работно време надвор од комитетот и добиваат малку паричен надоместок за нивната работа во комисијата.

И покрај досегашниот развој откако беше формирана комисијата, членовите веруваат дека постојат начини на кои Комитетот може подобро да ги исполни целите наведени во

14 Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (CEDAW) е меѓународен договор усвоен во 1979 година од страна на Генералното собрание на Обединетите нации. Опишан како меѓународен закон за права на жените, кој беше ратификуван од 189 држави.

„CEDAW". Една од главните цели на комисијата, за да се движи напред е проширување на нејзината информативна база, овозможувајќи таа поефикасно да се справи со прашања што се јавуваат во врска со „CEDAW". Комитетот е овластен во членот 22 од „CEDAW" да ги покани специјализираните агенции на Обидинетите Нации да доставуваат извештаи со кои се разгледуваат прашањата за правата на жените во државата за која се дискутира. Друг метод за собирање на информации е барање на извештаи од невладини организации кои се занимаваат со дискриминација на жените, кои работат во земјата што се разгледува. Ова се препорачува да се осигура дека комисијата добива целосна, непристрасна слика за работите во рамките на извештајната држава.

Поради заостанатите извештаи со кои се соочува комитетот, се предлага владините службеници, кои подготвуваат извештаи презентирани пред комисијата да бидат обучени, со цел сите извештаи да бидат унифицирани и полесно да се обработат. Конечниот предлог за подобрување е имплементацијата на правото на петиција во „CEDAW", дозволувајќи им на комитетот да ги сослушува поплаките од државјаните против спственаа државата, со што ќе ја зголеми силата на комисијата и директно влијание врз проблемот со дискриминацијата врз жените и насилството врз истите, вклучувајќи го и семејното насилство.

Комитетот, исто така, може да иницира постапка за испитување на однесувањето на државите-страни како резултат на сериозно и систематско кршење на правата на жените.

Република Хрватска, исто така, го ратификуваше наведениот Протокол, а тоа е дека врз основа на чл. 18, -„Државите членки на „CEDAW" се обврзани редовно да доставуваат извештаи за законските, судските и административните работи и други мерки усвоени за примена на одредбите од Конвенцијата, разгледувани од страна на Комитетот". Треба да се истакне дека препораките од заклучниот коментар на Комитетот, врз основа на кој се засноваат позитивни ставови за законодавните и институционалните промени во Република Хрватска набљудувани во периодот од 2006-2010 година, исто така, покажаа и загриженост во областа на Националната политика за вклучување на родовите аспекти во главните политики.

Во својата општа препорака под бр. 19 за насилство врз жените, Комитетот разјаснува дека,

дискриминацијата вклучува сексуално насилство насочено кон жените од причина затоа што се жени и вклучуваа дела или обиди да се применат физичко, психолошко или сексуално насилство. Таа, исто така, вклучува дела кои вклучуваат физички, ментални или физички сексуална повреда или страдање, закани за такви дела, присилни или други форми на лишување од слобода.

Сите влади се должни да ги отстранат сите форми на дискриминација преку соодветни мерки. Искоренувањето на дискриминацијата, особено родовата се смета дека е чекор напред во борбата, пред се против насилството, а и една од клучните точки во борбата против семејното насилство.

## XXI. Стретегии за семејно насилство во Хрватска

Целта на една Стратегија е да ги обезбеди условите за ефективна и целосна работа на надлежните органи за подобрување на заштитата и помошта на жртвите на насилство во семејството и да им помогне на сторителите да го променат своето однесување. Стратегија нагласува потребата за промена на системот на вредности со цел ненасилно разрешување на конфликтите.

Стратегиите во Р.Хрватска, кои имаат тек и се донесувани една по друга последоватлно, содржат обврски, кои надлежните органи мора да ги почитуваат со цел да се открие и сузбие сите форми на насилство и да се обезбеди соодветна помош и заштита на жртвите изложени на семејно насилство, што е најчесто од женскиот пол на различна возраст и семеен статус. Но, за оптималните ефекти и заштитата предвидени со Стратегија е неопходно доследна примена во пракса. Бројни тела се вклучени во спроведување на една стратегија, но недоволно едукација на службениците во органите одговорни за имплементација, како и подетална анализа на ситуацијата насилство, ја спречува нејзината правилна примена во практиката.

Последната донесена Стратегија во Хрватска, за периодот од 2017 до 2022 година опфаќа 7 стратешки области и тоа: превенција од семејно насилство, законска рамка за заштита од семејно насилство, грижа и поддршка за жртви на семејно насилство, психосоцијален третман на сторителите на семејно насилство, подобрување на меѓуагенциската соработка, обука на експерти кои работат на полето на заштита од насилство во семејствата и подигање на јавната свест за проблемите со семејното насилство.

Со усвојување на Стратегијата се обезбедува спроведување на политиката на заштита на жртвите на семејно насилство со цел да се обезбеди поголема заштита и подигање на квалитетот на нивниот живот, изјави Мурганиќ.[15]

Во повеќето мерки од Стратегијата активностите ги спроведуваат органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и единиците на регионалната самоуправа и

15 Нада Мурганиќ, сегашна министерка за демографија, семејство, млади и социјална политика од 16 октомври, 2016 година.

организациите на граѓанското општество, а секоја мерка на Националната стратегија се заснова на посебен член на Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството на жени и семејно насилство (т.н. Истанбулска конвенција).

**XXI.1. Полициска акција и практикување на двојни приведувања вклучени во Стратегијата**

Полициските службеници најчесто се први, кои пристигнуваат на повик за помош при семејно насилство и затоа се смета декае исклучително важно на кој начин тие ќе реагираат, нивниот однос кон жртвата и заштитата, која ќе ја обезбедат, притоа да превземат соодветни мерки кон сторителот, во граници на нивните овластувања. Веднаш по добивањето на повик за насилство во семејството полициските службеници ја проверуваат историјата на сторителот и употребата на огнено оружје во базата на податоци.

Според Стратегијата, полицијата мора веднаш и без одлагање да испратат барем двајца полициски службеници , по можност од двата пола, до местото на семејното насилство. Условите за приведување се: ризик од бегство, влијание на сведоци или уништување докази или потенцијален рецидивизам. Сторителот од страна на полицијата ќе биде донесен во локалкната полициска станица, каде полициските службеници ќе поднесат барање за поведување прекршочна постапка за прекршок-насилно однесување во семејството или во однос на тежината на делото ќе поднесат кривична пријава за актите на семејно насилство. Доколку се работи за прекршочна постапка, на сторителот о приведувањето до започнување на постапката и излагање пред суд, му следи 12 часа притвор. Полициските служебеници, кои први се на местото на настанот имаат важна одлука, бидејќи тие можат да ја одредат тежината на делото, во однос на тоа дали: е потешко или повторено насилство, посебни семејни околности, вклучување на деца или лица со посебни потреби, оштетување на домот, закани, видливоста на повредата, доколку се работи за фичко насилство, дали сторителот е во алкохолизирана состојба. Но, секој случај полицијата е овластена да лиши од слобода лице за кое постои основа за сомневање дека тој сторил кривично дело за кое се гони по

службена должност.

Во Хрватска се практикува и таканаречено двојно приведување. Тоа се случаеви кога и пријавениот сторител и жртвата се приведени од страна на полицијата, од причина што се смета дека, полицијата не е на доволно високо образовно ниво за да процени кој е жртва и кој е сторител во ситуации на семејно насилство. И покрај тоа што имаме пријавител-жртва и пријавен-сторител, не секогаш е тоа правата слика за примарниот агресор на семејното насилство, а и нормално постојат лажни пријави. Кога станува збор за семејно насилство, треба да се разгледа целата ситуација, земајќи го предвид времетраењето на насилството, причините, а не само настанот што довело до приведување/лишување од слобода на сторителот. Една од причините за двојно приведување лежи во законодавството кое дава основа за приведување во случаи на нефизичко насилство. Бидејќи во некои случаи, полицијата не може, а и не треба да биде во улога на судот, да го индетификува изворот на семејно насилство, жртвата е во опасност да биде исто така приведена.

Други ситуации кога доаѓа до двојни приведувања се на пример, кога станува збор за насилство од физички карактер, но кога жртвата потикнала со психолошко насилство. Дури и вербални расправии помеѓу двете личности може да претставува некогаш семејно насилство и да доведе до приведување на двете страни. Втората причина за двојно приведување е прекршување на јавниот ред и мир, што е казниво со прекршочни санкции.

Но практиката со двојни приведувања, може да има и штетни последици. Влијанието на приведувањето или покренувањето на обвинение за жртвите може да биде и поразително и да ги обесхрабри да побараат помош во иднина. Истото би можело да претставува несомнена траума за жртвата на насилство.

### XXI.2. Спречување преку едукација

Една од стратегиите за спречувањето на семејното насилство е едукација на децата во училиштата. Од учебната година 2013/2014, воведен е наставен план за основно и средно

образование, поделен на четири модули, од кои посебно се нагласуваат модулите за спречување на насилство и сексуална еднаквост и одговорно однесување на сексот. Овие модули опфаќаат и теми поврзани со спречување на насилство, па дури и семејно насилство. Исто така, од учебната 2014/2015 година воведена е програма за интердисциплинарна содржина на граѓанското образование и основно образование во Република Хрватска за да се научат учениците од најрана возраст за да се идентификуваат и спречат сите форми на насилство.

Во образовните институции беа спроведени училишни превентивни програми, разработени во училишната наставна програма и во годишниот план и програма за работа на училиштето. Секое училиште ја елаборира содржината на превентивната програма во зависност од спецификите на неговиот систем и околината во која работи. Професионалните упатства на програмата ги дефинираат окружните совети во согласност со општите насоки на Националната стратегија, односно Националната акциона програма за превентивна работа во образовните институции. Училиштата имаат право на самоопределување во дизајнирањето на превентивните програми, фокусирајќи се на приоритетните области на делување и целната група. Досега не постојат стандардизирани форми за развој на превентивни програми кои се обврзувачки за сите училишни институции, иако постои препорака за концептуалните рамки за нивниот развој. Следствено, ниту извештаите кои би овозможиле создавање на база на податоци и споредување на релевантните показатели за остварување на резултатите од превентивните програми, не се усогласени, притоа само индивидуалните извештаи им се достапни на образовните институции. Овие извештаи ја истакнуваат најголемата застапеност на проблемите со врсниците и насилство, додека примерите на семејно насилство се во документацијата на стручни соработници.

Исто така, училишните превентивни програми вклучуваат интегрирани тематски содржини на насилство во рамките на Програмата за наставна програма и здравствена заштита за основни и средни училишта. Во основните училишта се планирани вкупно 19 часа, а во средните училишта вкупно 8 часа, кои се изведуваат со различна динамика во класните заедници. Но, активностите и содржината на насилството главно се однесуваат на насилството меѓу врсници и се поретки во областа на семејното насилство.

Главните цели на овие програми се: да се информираат децата и младите за сите форми на насилство, да се натераат да реагираат кога ќе го почуствуваат насилството, и да поттикнат ненасилно решавање на конфликти, во согласност со Протоколот за третман на семејно насилство, Протоколот за третман на насилството меѓу децата и младите, Протоколот за третман на сексуалното насилство, Протоколот за третман на злоупотреба и занемарување на деца, Уредба за начинот на едукација на образовните работници на училишните институции да преземат мерки правото на ученикот да го пријави секое прекршување на овие права на надлежните органи.

Постојат можности за предучилишни деца, односно ученици, да предупредат за неповолни семејни врски, а едукаторите, наставниците, наставниците и соработниците во образовните институции се професионално обучени да препознаваат и да се справат со појавата на различни форми на насилство.

Искуството во образовната практика потврдува дека професионалните соработници најчесто добиваат информации за случаи на семејно насилство, без разлика дали лицето кое е жртва на насилство е директна или индиректна жртва и истите можат да интервенираат.

Правилникот за постапување на образовни работници во училишните институции, примеувајќи мерки за заштита на правата на детето е прва и основна задача за заштита на правата, безбедноста и здравјето на децата и младите и поднесување на пријава за било какво кршење на овие права кај надлежните органи . Постојат законски обврски на вработените да ги почитуваат истите, врз основа на протокол за третман на одредени видови насилство, како и регистрација преку веб-формулар за евиденција на индивидуалното насилство на Министерството за наука и образование. Програмите за превенција од самите училишта подразбираат стратегии за подобро поврзување на родителите и училиштата, како и други институции во заедницата, бидејќи сеопфатната соработка на сите засегнати страни и заедничката акција е услов за ефективна работа.

Врз основа на горенаведеното, се изнесени „критични точки" кои укажуваат на потребата од дополнителни мерки:

- систематски и континуиран мониторинг на појавата на насилство, вклучувајќи го и семејното насилство, преку стандардизирани извештаи од образовни институции,

- дополнителна тематска едукација на сите засегнати страни во образовниот процес;

- поврзување на сите засегнати страни кои се занимаваат со проблемот на семејно насилство, на сите нивоа / макро, поле, микро / формирање на су-експертски тимови, чија функција ќе биде навремено откривање и обезбедување дополнителна поддршка и помош.

Целите на ова би биле: да развијат превентивни програми за спречување на семејното насилство и да обезбедат нивно доследно спроведување, како и систематски да го следи широко распространетата појава на семејното насилство преку откривање на ризични групи за навремено дејствување и спречување на нови форми на семејно насилство.

## XXI.3. Улогата на центарот за социјална работа

Целта на протоколот[16] на постапување при појава на семејно насилство е да се подобри заштитата на жртвите на семејно насилство, превенција од ново семејно насилство и развој на мерки за заштита на правата и благосостојбата на изложените лица семејно насилство. Центарот за социјална работа е и те како вклучен во протоколот и целото постапувње во случај на семејно насилство. Вработените во Центарот сакаат да обезбедат најширока можна помош за жртвите на насилство.

Кога жртвата ќе одлучи да пријави насилство врз семејството, најчесто прво е упатена до полицијата или до Центарот за социјална работа. Вработените гледаат да се веднаш во можност да земат изјава, која ке биде внесена во записник. Задолжително во текот на разговорот, социјалниот работник треба да ја праша жртвата дали и е потребно сместување во некои од шелтер центрите или таканаречените безбедни куќи и колку биле децата инволвирани во насилните настани. Во случај, жртвата да има потреба од сместување во некои од шелтер центрите, вработените ги контактираат и го организираат сместувањето. Ако сторителот е во заедничкиот дом, информирана е полицијата, која заедно со социјален

16 Протокол за постапување во случај на семејно насилство донесен од страна на Министерството за семејство и ветерански прашања и меѓугенерациска солидарност.

работник се упатува на посочената адреса, каде и самиот сторител се зема изјава, која се запишува во записник и веднаш се испраќа до надлежната полициска станица.

Исто така, доколку се работи за потежок акт на насилство, веднаш му се дава вербална опомена, проследена со писмено предупредување, кое се евидентира, се до превземање на следните чекори.

Сите акти поврзани со насилството во семејството се итни и е потребна квалитетна соработка со полицијата со Центарот за имплементација на протоколот. Поголем проблем е слабата имплементација на заштитни мерки против алкохолизмот, освен ако мерката не е направена на иницијатива на сторителот. Кога судот ќе издаде заштитна мерка за третман на алкохолизам, осудениот може и треба да побара третман во болница за лечење од истото. Лекарите апелираат дека е од корист жртвата да го поддржува сторителот за време на третманот.

Социјалниот работник посочуваат дека финансиските казни не ја остваруваат својата намена, бидејќи тие најчесто се на штета на целото семејство. Исто така, истакнуваат дека судовите издаваат заштитна мерка за забрана за вознемирување на жртвата, но дека истата се смета за многу несоодветна и непрецизна мерка.

Во пракса социјалните работници наидуваат на случаеви, кои никогаш не биле прогонувани пред кривичниот суд и на сторителите постојано им се изрекува условна казна. Во прегледаните досиеја од 2015 и 2016 година, кои Центарот ги прикажа на увид на јавноста, забележано е иницирање на кривична постапка само во два случаи за кривично дело закана. Во поглед статистичките показатели, Министерството за социјална политика и млади прикажа податои, кои ги поврзуваат со компетентноста на работата на Центарот. Вкупен број на примени пријави за семејно насилство во 2013 година изнесува 14,409, додека 2014 година бројот на пријавени случаи бил 13 630.

Од доставените статистики, заклучуваме дека бројот на пријави на семејно насилство опаѓа. Но, загрижува фактот дека многу често не се пријавува насилството или се пријавува по истекот на повеќе од 7 дена.

Центарот им препорачува на жртви на насилство да создадат и личен „план за безбедност",

со што ќе бидат подготвени соодветно да реагираат на идните кризни ситуации и да го зголемат нивното ниво на безбедност и влијание врз настаните. „План за безбедност" нагласува и елаборира за важноста на планот да избегаат, пристапат до телефонот и контактираат служби, кои ќе им обезбедат помош или лица, кои би можеле во моментот да им помогнат, бидејќи во криза можно е сртвата да не се сети на броевите, кои наку ги знае. Исти така, планот вклучува и справување со деца и нивна заштита, а се сугерира и да се направи дупликат на клучеви од домот, како и на документи. Дополнителни препораки се: пакување на неопходни работи и договор со роднини ли блиски пријатели за привремено сместување и доколку е во можност фотографрање на повредите, кои подоцна би служеле како доказ. Центарот се стреми да им пружи на жртвите, пред се поддршка и да им обезбеди сместување, ако жртвата изјави дека има потреба. Исто така, потребна е подобра соработка со други институции, кои треба да воспостават доверба заради утврдување на релевантни факти и подобра размена на информации.

### XXI.4. Поддршка и помош од други државни институции

Активности на надлежните државни органи што се извршени во претходниот период укажуваат на тоа на фактот дека е постигнат одреден напредок во областа на борбата против семејното насилство и е подобрена положбата на жртвите на семејно насилство. Сепак, сè уште постои обврската за континуирано дејствување и соработка на сите надлежни органи и организации на граѓанското општество, кои обезбедуваат помош за жртвите на семејно насилство.

Како дел од своите активности, поранешното Министерство за социјална политика, а сегашно Министерството за демографија, семејство, млади и социјална политика од 2013 година со тригодишен тендер обезбедува финансиска поддршка за работата на седумте засолништа за жртвите на семејно насилство предводени од организациите на граѓанското општество во областите на градот Загреб, Карловац, Истарскиот, Приморско-Горски Котар, Сисак-Мославина и Брод-Посавинска општина. Исто така во финансиска поддршка на овие

засолништа, вклучени се единици на локална самоуправа и единици регионалната самоуправа според усвоените планови. Покрај финансирањето на засолништата, Министерството за демографија, семејство, младинската и социјалната политика континуирано со склучување на договори, обезбедува и финансира сместување на жртвите на семејно насилство во други десет засолништа во областите Осиек-Барања, Вуковар-Сремхом, Приморско-горанска, Задарска, Сплит-Далмација, Шибеник-Книн, Вараждин, Меџимурје, Бјеловар-Бигогоре и округот Загреб. Покрај финансиската поддршка за работата на засолништата за жртви на семејно насилство, соодветно се применуваат конкурси за проекти и програми на организациите на граѓанското општество, вклучително и СОС телефоните за жртви на насилство, каде жртвите може да се јават во кризни ситуации.

Важно е да се напомене дека во текот на претходните години, 7 окружни судови во Загреб, Задар, Осиек, Сплит, Сисак, Вуковар и Риека, формираа одделенија за поддршка на жртви и сведоци кои имаат чекални, каде што пред и по сослушувањето може да ги користат жртвите со цел да ги се избегне средба со сторителот.

Друга мерка, која е превземена од страна на судовите е вработувањето на професионални соработници, кои би го придржувале детето/децата, доколку се вмешани и деца во случајо на семејно насилство и му помагаат на судијата во самото испитање на детето. во Општинскиот суд во Сплит, Општинскиот кривичен суд во Загреб и окружни судови во Бјеловар, Осиек, Риека, Сисак, Сплит, Вараждин, Велика Горица и Загреб инсталираа нова видео опрема, која придонесе за елиминирање на секундарната виктимизација на децата, како најранливи учесници во кривичната постапка. Со цел избегнување на секундарна виктимизација на децата пред и за време на кривичната постапка, врз основа потпишана од Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда, повеќе не се користат опрема и уреди за аудиовизуелно снимање на разговори со деца.

Поттикнувањето на вработувањето на жртвите на семејно насилство во претходниот период беше реализирано преку кариерната ориентација и развојот на кариерата, како и активните мерки на политиката за вработување во согласност со „Упатството за развој и имплементација на активна политика за вработување во Република Хрватска за периодот од 2015 до 2017 година."

Хрватското биро за вработување, покрај патоците и евиденцијата за бројот на невработени жртви на семејно насилство, е вклучено и во активно барање на работа, но и нудење на помош на жртвите, како што е учество во работилници за психосоцијална поддршка, професионално насочување и проценка на работните способности, образовни активности, со цел да се подобри нивната вработливост. Хрватската служба за вработување прикажа статистика, дека во текот на 2015 година во сите регионални канцеларии на Хрватскиот институт за вработувањето се забележани 262 невработени лица - жртви на семејно насилство, од кои 108 се подоцна се вработиле. При развивање мерки за активна политика за вработување за жртви на семејно насилство и други чувствителни групите загрозени со исклучување од пазарот на трудот, истите се препознаваат како целни групи, кои полесно е да се интегрираат на пазарот на труд и да ги вклучат во мерките за кофинансирање на вработувањето. Дури постои и можност за жртви на семејно насилство да бидат финансирани за образование, со цел стекнување на нова професија или можноста за зголемување на вработливоста.

Во текот на 2015 година, вкупно 49 невработени лица беа вклучени во активни политички мерки за жртви на семејно насилство. Истата година во мерка на активна политика за вработување се 44 жртви на семејно насилство, од кои 42 жени и 2 мажи. Преку мерката „кофинансирање на регрутирање на специјални групи невработени лица", вработени 5 лица од евиденција на невработени - жртви на семејно насилство, од кои четири се жени. Претходно искуство на хрватската служба за вработување во справувањето со жртвите на семејно насилство укажуваат на потребата за подобра идентификација на жртвите на семејно насилство и попрецизно водење на евиденција, развивање на механизми за упатување и поинтензивна соработка со засолништа и советувалишта за жртви на семејно насилство, како и организации и програми за нега во корист на жртвите на семејно насилство. Во врска со потребата од грижа за домување за жртвите на семејно насилство, Законот за областите за посебна грижа за државата предвидува дека органот за домување може исклучително да го дозволи тоа домување надвор од листата на приоритети во посебни околности, како што се тешки оштетување на домувањето поради пожари, поплави и други временски непогоди и тешки здравствени и социјални околности на жалителот или член на семејството на жалителот, сите со писмена препорака на надлежниот центар за

социјална работа или градоначалник на општината и со предлог на Комисијата формирана за таа цел. Во текот на 2015 година вкупно 5 барања за итни станови беа примени од лица кои тврдат дека се жртви на семејно насилство и беа разгледани на седницата на Комисијата за домување Сепак, не беше донесен предлог за итна грижа за домување на примени барања. Откако жртвите доживеале насилство и ги напуштиле своите домови или привремени засолништа, тие најчесто се среќаваат со проблемот на домувањето. Најчесто, луѓето со полош економски статус не можат да ги најдат потребните средства за изнајмување стан или да ги задоволат своите основни потреби или на децата, доколку ги има и заедно со својот родител го напуштиле домот.

Поради горенаведените причини, неопходно е да се пружи помош за домување на жртвите на семејно насилство и да им се обезбеди приоритетна нега на овие луѓе.

Целите се: обезбедување на сместување за жртви на семејно насилство, обезбедувње на финансиска поддршка за работата на засолништата и центрите за советување за жртви на семејно насилство, обезбедување на вработување на жртви на семејно насилство, обезбедување пристап до засолниште за лицата со посебни потреби.

Потребно е, во соработка со канцелариите на државната управа во окрузите, односно надлежните органи на управата телото на градот Загреб да се води посебна евиденција за апликантите за домување за жртви на семејно насилство, односно: поднесениот број на пријави за сместување; бројот на лица кои помагаат при домување во споредба со бројот на поднесени пријави.

Број на табела: 5. Табела со податоци за бројот на прекрошоци на семејно насилство, бројот на сторители и полот низ годините

| Година | Број на прекршоци | Број на сторители | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Мажи | Жени | Вкупно |
| 2007 | 13673 | | | 16125 |
| 2008 | 13140 | | | 15727 |
| 2009 | 14265 | | | 17280 |
| 2010 | 14129 | | | 17105 |
| 2011 | 15015 | 14758 | 3597 | 18355 |
| 2012 | 14874 | 14444 | 3532 | 17976 |
| 2013 | 14335 | 13720 | 3478 | 17198 |
| 2014 | 13067 | 12261 | 3188 | 15449 |
| 2015 | 12255 | 11164 | 3181 | 14345 |
| 2016 | 10592 | 9660 | 2799 | 12459 |
| 2017 | 10344 | 9392 | 2677 | 12069 |

Погоре е дадена табела со податоци за бројот на прекршици на семејно насилство, бројот на сторители и полот во периодот од 2007 година до 2017 година. Табелата е превземена од Министерството за внатрешни работи на Р.Хрватска. Тоа што може да забележиме дека во првите години, поточно во периодот од 2007 година до 2011 година, е регистриран само бројот на прекршоци и вкупниот број на сторители, но сторителите не се поделени по полот. До тогаш министерството ги регистрирало само бројот на прекршоци и вкупниот број на сторители. Друго што може да забележиме е дека бројот на прекршоци не се совпаѓа со вкупниот број на сторители. Тоа значи дека се регистрирани и прекршоци, каде има повеќе сторители или исто од тука може да ја видиме практиката на двојно приведување.

### XXI.5. Организации на граѓанско општество во Хрватска

1. Име: Автономна женска куќа Загреб

Опис: Обезбедува поддршка и помош на жените и нивните деца кои преживеале насилството; бесплатни правни и психолошки совети; емоционална поддршка на жените; обезбедува безбедно сместување на жените и нивните деца жртви на насилство.

-Помош за жената сега - СОС телефон за жени и деца жртви на насилство

Опис: обезбедува бесплатна правна и психосоцијална помош на жртви на насилство и нивните деца, покрај тоа обезбедува помош и поддршка на жртвите на насилство, сместување во прифатниот центар, обезбедува правна и психолошка помош на жртвите на насилство преку СОС телефонски линии и советување со претходна најава преку телефон.

Работно време: СОС телефон е достапен секој ден од 00.00 до 24.00 часот. Сместувањето може да биде обезбедено врз основа на лични барања по телефон, преку Центарот за социјална работа или на полицијата.

2. Име: Каритас од Загребската архиепископија

Опис: На жртвите на семејно насилство Каритас Архиепископија на Загреб им обезбедува заштита надвор од семејството во контекст на привремено сместување на деца и возрасни жртви на семејно насилство.

Работно време: Работно време на советувањето е во понеделник, вторник и четврток од 9:00 до 15:00 часот, а во среда и петок 12:00-18:00 часот. Сместување може да биде обезбедено врз основа на лични барања по телефон, преку Центарот за социјалната заштита или полицијата.

3. Име: Дом за деца и возрасни - жртви на семејно насилство "Дуга - Загреб"

Опис: Ангажира стручен тим составен од двајца социјални работници, двајца психолози и правници, чија работа е организирана во смени од 08:00 до 21:00 часот, при што одговараат и на повик за време на викендите и преку ноќ. Сместувањето може да се обезбеди преку

надлежен центар за социјална работа или полиција, чии официјални лица имаат 24-часовен контакт со жител на куќата.

4. Име: Сос Детско село Хрватска

Опис: СОС Детското село Хрватска нуди засолниште за деца, кои се жртви на семејно насилство, друг вид на насилство, занемарување и експлоатација.

5. Име: Омбудсман за деца

Опис: Народниот правобранител за деца може да го контактира секој што сака пријави за случај на повреда на правата на детето. Апликациите може да се однесуваат на повреди на правата на одредено дете или општи појави кои ги загрозуваат правата и интересите на децата. Посебно внимание се посветува на апликациите што ги даваат самите деца. Работното време на правобранителот, кога може да се поднесат пријави е секој работен ден од 09:00 до 12:00 часот, но секој може да закаже и посебен термин, секој работен ден.

## XXII. Хрватска по применување и имплементирање на нови закони

Хрватска, како нова членка на Европската Унија, може да се каже дека пробува да ја следи Европа и нејзините стратегии во спречување на семејно насилство, а според статистиките, може да се каже дека и успешно го прави тоа. Има развиено добар систем и се труди на меѓусебна соработка меѓу институциите, со цел подобро да функционира. Со менување на одредени закони, подобро го разгранучува семејното насилство, со цел да следат соодветни санкции.  Но, иако го применува Европското законодаство и имплементира постојано нови заштитни мерки, од голема важност е истите тие мерки на заштита да бидат навремено применти, со што би се обезбедила максимална заштита, помош и поддршка на жртвата. За жал, скоро секоја држава уште работи на ова поле, бидејќи целосно и навремено спречување на оваа појава е скоро невозможна. Според горенаведената статистика, може да забележиме дека бројот на случаеви со семејно насилство опаѓа, но тоа не значи дека е доволно направено. Подобрувањето на условите на жртвите од семејно насилство и пробувањето истото да се спречи треба да е секојдневна работа на институциите и општеството. Подигањето на јавната свест е клучно, бидејќи, за жал постојат и случаеви, кои останале во четири ѕида, кои не се ни пријавени, затоа институциите не можат да се потпрат на добиените резултати од статистичките податоци.

## XXIII. Компаративна анализа – сличности и разлики помеѓу државите во Европа во врска со соочување со семејно насилство

Семејното насилство, како една од најсериозните форми на нарушување на човековите права, а често и врз основа на полот е присутна во сите држави без разлика на карактеристиките на истата, во однос економска состојба, дали е членка на Европската Унија и слично. Секоја од нив се справува на различен начин, но сепак слично. Истите постојано работат на овој проблем со здружени сили, при што често се имплементираат закони донесени од страна на Европската Унија или пак конвенции.

Јасна е целта, односно, дека страните имаат обврска да го спречат насилството, да ги заштитат жртвите и да ги казнат сторителите. Мерките во овој поглед треба да бидат дел од сет на интегрирани политики. Семејното насилство е секогаш вкоренето во социјален и културен контекст, а ставовите на јавноста за тоа што е или не е прифатливо во интимните односи ги одразуваат овие општествени и културни норми.

Како би се решил еден случај на семејно насилство се разликува од држава до држава во голема мера, иако повеќето од законите се слични. Во сите горенаведени држави на местото на настанот први пристигаат полициските службеници, но во постапката има разлика.

Во Р.Македонија, по пристигање на местото на настанот, полициските службеници се должни веднаш да и обезбедат здравствена заштита на жртвата, да одземат од сторителот огнено оружје и дозвола за истото, доколку истиот поседува. Потоа, земаат изјави од двете личности одделно, со цел ниту сторителот, ниту жртвата да не можат да си влијаат на изјавите. Врз основ на изјавите ја согледуваат ситуацијата и дали имало всушност семејно насилство. Доколку се случило семејно насилство, полицијата има право да го лиши од слобода сторителот и на жртвата да и ги каже нејзините права и за што може да поднесе тужба. Доколку жртвата е согласна да продолжи со процедурата, истата ќе биде повикана во локалната полициска станица, каде инспектори за семејно насилство ќе изготват записник и понатаму ќе постапуваат според КЗ на РМ, односно како дело, кое се гони по службена должност. Притоа, полицискиот службеник е должен веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот, а заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното

семејство до надлежниот суд да достави предлог за изрекување на привремена мерка за заштита -отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, на одреден период.

Покрај горенаведеното, полицискиот службеник е должен веднаш, а најдоцна  рок од 12 часа од интервенцијата на настанот, да го извести надлежниот Центар за социјална работа заради преземање на мерки за заштита на жртвата.

Центарот за социјална работа е должен веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од добиеното сознание да превземе мерки за заштита на жртвата.

Центарот за социјална работа врши проценка на потреби за заштита на жртвата, според видот, интензитетот, контекстот на случување на насилството, здравствениот и семејниот статус на жртвата, нејзината возраст и други околности во постапката за преземање на потребните мерки за заштита.

Како ќе се одвива натаму постапката, многу зависи и од волјата на жртвата да продолжи со истата.

Во Германија првичната постапка би била слична. По пристигање на местото на настанот и согледување на ситуацијата, повикување веднаш на брза помош дколку е потребна, притоа полицијата може да ги примени, таканаречените „забрани за итни случаи”, со што ќе му забрани на сторителот да не пристапува во домот или во близина на домот во времетраење од две недели, како и да не ја вознемирува жртвата, со цел жртвата да може во меѓувреме да оддлучи што би правела и мирно да може да го напушти домот, притоа да има време да побара наредба за цивилна заштита. На жртвата, дколку е потребно ќе и биде понудено сместување во некои од шелтер-центрите, каде би била безбедна од сторителот. Но, гонењето е генерално тешко во кодифицираните правни системи и не се смета за мерка што обезбедува заштита или безбедност и повторно е во голема зависност од жртвата.

Во Хрватска, полицијата исто така, мора веднаш и без одлагање да испратат барем двајца полициски службеници , по можност од двата пола, до местото на семејното насилство. Условите за приведување се: ризик од бегство, влијание на сведоци или уништување докази или потенцијален рецидивизам. Сторителот од страна на полицијата ќе биде донесен во

локалкната полициска станица, каде полициските службеници ќе поднесат барање за поведување прекршочна постапка за прекршок-насилно однесување во семејството или во однос на тежината на делото ќе поднесат кривична пријава за актите на семејно насилство. Доколку се работи за прекршочна постапка, на сторителот о приведувањето до започнување на постапката и излагање пред суд, му следи 12 часа притвор.

Но, во Хрватска случајот со семејно насилство може да добие и друг облик, што би ги објаснило всушност практиките со таканареченото двојно приведување. Се смета дека полицијата не е доволно компететна да процени секогаш кој е изворот на семејно насилство. Друга причина лежи во законодавството кое дава основа за приведување во случаи на нефизичко насилство. Бидејќи во некои случаи, полицијата не може, а и не треба да биде во улога на судот, да го индетификува изворот на семејно насилство, жртвата е во опасност да биде исто така приведена.

Покрај неведените причини за двојно приведување, може како причина и да се јави случај, каде жртвата потикнала со психолошко насилство. Дури и вербални расправии помеѓу двете личности може да претставува некогаш семејно насилство и да доведе до приведување на двете страни. Но ова често има и последици, односно претставува траума за самата жртва.

Како што напоменав погоре, дека постапките се меѓу себе слични, сепак, од друга страна не ги имаме истите резултати. Иако постапката почнува со пристигање на местотото на настанот, обезбедување на прва помош, често отстранување на сторителот од домот, известување на Центрите за социјална работа, кои ќе ја продолжат постапката, во обезбедување на заштита на жртвата, не секогаш процедурата тече според пропишаните закони. Функционалноста на институциите и спроведувањето на законите, драстично се разликува од држава до држава. Всушност разликата лежи тука, не во законодавството или правилниците за постапување, туку во тоа колку институциите се залагаат и работат на оваа проблематика, колку државата вложува во самите стратегии за семејно насилство, како и во трудот да ја подигне националната и институционалната свест во врска со ова сериозно социјално прашање.

## XXIV. Заклучок:

Насилството, кое е приутно во многу облици е сериозен проблем на денешницата, но кога тоа се случува меѓу четири ѕида, во домот, каде треба да се чуствуваме најбезбедно, од страна на личности, кои ги сметаме за блиски и го очекуваме обратното, да не заштитат, тогаш зборуваме за сериозно социјално прашање, на кое државите треба веднаш да дадат одговор и решение. Погоре се обработени три држави и тоа: Република Македонија, која е мала земја, не толку економски моќна, истата не е членка на Европската Унија, Германија, голема, моќна земја, како политички така и на економски план, покрај тоа што е членка на Европската Унија, таа е една и од четирите држави основачи на Унијата, како и една од највлијателните и водечки сили во истата, Република Хрватска, која би можело да ја сместиме во средна класа на економско и политички моќни држави, релативно нова членка на Европската Унија, поточно од 01.07.2013 година, помеѓу државите членки на ЕУ спаѓа во економски најслабите.

Трите држави со различни карактеристики, но сите со истата обврска, да го спречат фундаменталното кршење на човековите права. Секоја со свои стратегии и методи, кои не секогаш се успешни, за жал. Без разлика на економскиот статус или моќната положба на една држава, ниту една не е имуна на оваа појава. Високата стапка на присуството на семејно насилство во Р.Македонија, како и во државите на Европската Унија е прашање на кое жртвите бараат одговор веднаш. Покрај тоа, брзо и сериозно реагирање на семејното насилство, е потребно од причина да не создава понатаму и други девијатни појави, кои се вкоренуваат во општеството.

Трите држави разменуваат искуства и имплементираат меѓународни закони, но сепак посакуваните резултати се сè уште недостижни. Искоренување целосно на семејното насилство од едно општество е скоро и невозможно, но затоа може и треба напорно да се работи негово намалување, спречување и реагирање.

Република Македонија е далеку од функционално решавање на овој проблем, од причина што истата ги има законите и мерките, кои треба да се превземаат, но функционирањето на институциите, соработката и комуникацијата е на многу ниско ниво. Со ова само жртвите

се потикнати да го премолчат насилството, бидејќи сметаат дека нема да бидат никако заштитени, а во премолчувањето и непријавувањето всушност лежи коренот на семејното насилство. Друга причина поради која жртвите не го пријавуваат насилството, е тоа што во Македонија се смета сè уште за табу тема, што би значело дека треба многу да се работи на подигање на националната свест за овој проблем. Како фундаментален проблем се јавува и тоа што Република Македонија, нема нова Национална стратегија, по истекот на последната во 2015 година, што не смее ни една држава да си го дозволи, тоа е почетната точка за реагирање по прашањето за семејно насилство. Жртвите не смеат да останат незаштитени и на работ на егзистенција поради лошата политичка состојба во државата изминатите години. Република Македонија има долг пат пред себе во врска со решавањето на семејното насилство.

Германија пак, за разлика од Р.Македонија е на подобро ниво, институциите и законите во повеќето од времето функционираат. Но, истата не може целосно да го искорени, па затоа мора секојдневно и понатаму да работи, со цел да се намали или спречи. Од голема важност и никогаш доста, е да се работи на развивање на националната свест и запознавање и образување на населението.

Република Хрватска има доста сменето во изминатите години во врска со ова прашање, со цел да ја подобри ситуацијата. Истата со влезот во ЕУ потпиша и ратификуваше повеќе конвенции по ова прашање. Успеа да ја подигне на повисоко ниво националната свест. Но, сè уште можеме да видиме многу недостатоци во функционирањето и имплементирањето на законите, на кои Хрватска треба да работи.

Според горенаведеното можеме да заклучиме дека секоја држава има секојдневна работа и уште многу чекори пред себе за да го намали или спречи семејното насилство, но истото е возможно преку функционирање и соработка, пред се на институциите. Потребна е и соработка и разменување на искуства меѓу државите, со цел да се дојде до подобра и функционална стратегија. Но, најважно е населението да се запознае и образува, за да една жртва не чуствува страв и срам да го пријави истото и дека доколку го стори ќе биде отфрлена од општеството. Поддршката и прифаќањето од општеството, можат да бидат клучни сегменти во борбата со семејно насилство.

## XXV. Користена литература:


-Арифи, Б., Посебно набљудување на жртвите на семејно насилство, 2013, стр.191 - 207

-Американско психијатриско здружение, „Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorder", Арлигтон, 2013 год.

-Заеднички протокол за постапување во случај на семејно насилство, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, 2010 год.

-Кикерекова, Т., Предизвици во ратификацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба на насилството против жените и семејното насилство, Скопје, 2013 год, стр.249-267.

-Мирчева, С., Чачева, В., Итни мерки за заштита на жртви на семејно насилство: Истанбулска конвенција, Скопје, 2013 г., стр.31-50.

-Чачева, В. и Мирчева, С., „Запоставени и жигосани", Анализа на состојбата: сексуална злоупотреба на деца, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје, со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ-Скопје, Скопје, 2009.

-Чачева, В., Фришчиќ, Ј., Мишев, С., „Живот во сенка", Семејно насилство врз жените, истражувачки резултати, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ-ЕСЕ, Скопје, 2006г.

-Поповска, Љубинка, Рикаловски, Владо и д-р Виљагомез, Елизабет, „Извештај од студијата за националната анкета за семејно насилство", публикација изработена во рамките на Програмата на Обединетите Нации за „Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство", Скопје, 2012г.

- Груевска Дракулевска, А., Семејното насилство во РМ, Скопје.

- Мулер, У., Шротле, М., Lebenssituation, Sicherheit und Gesundheit von Frauen in Deutschland. Eine repräsentative Untersuchung zu Gewalt gegen Frauen in Deutschland, Берлин, 2004год.

-Гелес, Ј. Ричард, „Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment", Oxford, 1998 год.

-Извештај за насилство и здравје во Македонија и прирачник за превенција, Министерство за здравство на Република Македонија, Скопје, 2006 год.

-Извештај од спроведено теренско истражување „Семејно насилство", Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија ЕСЕ, Скопје, 2000 год.

-Националното истражување, „Преваленца на злоупотребата на стари лица“, Институт за социолошки и политичко правни истражувања-Скопје со поддршка на Светската здравствена организација, Скопје, 2011 год.

-Општа препорака бр. 19 од Комитетот на “CEDAW”, за насилство врз жените

- Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (ETS No. 5, 1950) и нејзините Протоколи;

- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, 2014год.

-Министерство за труд и социјална политика, Правилник за начинот на спроведувањето и следењето на мерките за заштите на жртвата на семејно насилство превземени од Центарот за социјална работа и за начинот на следење на изречените мерки за заштита, Скопје, 2015год.

-Министерство за труд и социјална политика, Национална Стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година, Скопје.

-Закон за семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/1992 . 9/1996 . 38/2004. 33/2006. 84/2008. 67/2010. 156/2010. 39/2012 и 44/2012).

-Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996. 80/1999. 4/2002. 43/2003.19/2004. 81/2005. 60/2006. 73/2006. 7/2008. 139/2008. 114/2009. 51/2011. 135/2011. 185/2011. 142/2012.166/2012. 55/2013 и 82/2013).

- Министерство за труд и социјална политика, Национална Стратегија за заштита од семејно насилство 2012-2015 година, Скопје.

- Извештај за состојбата на правата на децата во Република Македонија подготвен од Националната коалиција на невладини организации за правата на детето, Скопје, 2008г.

-Светска здравствена организација, „Светски извештај за насилство и здравје”, Женева, 2002 год.

- „Izvješće Pravobraniteljice za ravnopravnost spolova za 2015. Godinu”, Загреб, 2015г., стр. 95. – 97.

- „Protokol o postupanju u slučaju nasilja u obitelji, Ministarstvo obitelji i branitelja i međugeneracijske solidarnosti”, Загреб, 2015/2016, стр. 9.

- „Zakon o kaznenom postupku (Narodne Novine, br. 152/08, 76/09, 80/11, 121/11, 91/12, 143/12, 56/13, 145/13, 152/14)”, čl. 107., Загреб, стр. 2-3.

-https://mk.wikipedia.org/wiki

- http://www.esem.org.mk

-http://semejnonasilstvo.mk/izjavi-na-zhrtvi/

-https://www.pravdiko.mk/pravo-na-zashtita-na-zhrtvite-od-semejno-nasilstvo

-https://www.pravdiko.mk/merki-na-zashtita-od-semejno-nasilstvo-soglasno-noviot-zakon

-http://www.krizencentar.org.mk/index.php/stoenasilstvo/semejnonasilstvo

-http://www.mtsp.gov.mk/wbstorage/files/zakon_semejstvo_osnoven

-http://www.semejnonasilstvo.org.mk

-http://www.jpacademy.gov.mk

-http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/nasisltvo_strategija_mkd.pdf

-http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2016/12/Monitoring-na-zakon-za-SN_final.pdf

-http://www.mvr.gov.mk

-http://www.mtsp.gov.mk

- https://langnerlaw.com/

- https://www.dw.com/en/domestic-violence-affects-over-100000-women-in-germany

- https://www.hwr-berlin.de/fileadmin/profpages/arzt/Pune/Domestic_Violence_Germany_21-1-14.pdf

- https://news.am/eng/news/426498.html

- http://www.bmfsfj.de/BMFSFJ/Service/publikationen,did=93194.html

- https://www.bmfsfj.de/bmfsfj/service/publikationen/bericht-der-bundesregierung-zur-situation-der-frauenhaeuser--fachberatungsstellen-und-anderer-unterstuetzungsangebote-fuer-gewaltbetroffene-frauen-und-deren-kinder/80630

- http://fra.europa.eu/en/publication/2014/violence-against-women-eu-wide-survey-main-results-report

- http://www.big-berlin.info/sites/default/files/medien/330_IhrRecht_en.pdf

-https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention

- https://euobserver.com/opinion/141235

https://en.wikipedia.org/wiki/Convention_on_preventing_and_combating_violence_against_women_and_domestic_violence

-http://stari.mup.hr/1127.aspx

- https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2017_07_70_1660.html

- https://www.zakon.hr/z/81/Zakon-o-za%C5%A1titi-od-nasilja-u-obitelji

https://www.pravos.unios.hr/pfo/sites/default/files/KatedraObiteljsko/11.%20OBITELJSKO%20NASILJE.pdf

- https://www.scribd.com/document/356366311/Medjunarodni-Standardi-O-Nasilju-U-Porodici

- http://www.krizencentar.org.mk/files/brosurakrizencentarmk.pd

- https://www.hrw.org/news/2017/05/12/eu-getting-serious-about-violence-against-women

- http://fra.europa.eu/en/publication/2014/violence-against-women-eu-wide-survey-main-results-report

- https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2588066/

- http://www.edf-feph.org/newsroom/news/violence-against-women-and-girls-will-europe-rise-2017

- http://www.unwomen.org/en/news/stories/2017/7/un-women-and-the-european-union-launch-a-new-initiative-to-focus-on-evaw

- https://www.bbc.com/news/world-26444655

-https://www.theduluthmodel.org

-http://www.atlasofeuropeanvalues.eu

- https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/Megjasi_Report_MK(1).pdf